**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Седмото продолжение на Седумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23 ноември 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,45 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците кои се уште не се влезени во салата, да влезат во салата за да започнеме со работа.

Ги молам службите да достават точен број на пратеници присутни во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

(Нема доволен број).

Ги повикувам пратениците кои се уште не се присутни во салата да влезат во салата и да ги завземат своите места.

Ги молам службите да достават точен број на пратеници присутни во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Продолжуваме со работа по 76-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љубчо Георгиевски, Бесим Догани, Иван Анастасовски, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Радмила Шекеринска, Ацо Киров, Игор Ивановски, Тале Герамитчиоски, Никола Рилкоски, Илија Димовски, Благородна Цветковска, Андреј Жерновски, Данаил Дончев, Весна Бендевска, Абдулади Вејсели, Иван Стоиљковиќ, Али Ахмети, Фазли Велију, Џеват Адеми, Агрон Буџаку, Мирјана Секуловска, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска и Шабан Салиу ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека на Собранието може полноважно да одлучува.

**Предлогот за донесување на закон за Комитет за односи меѓу заедниците, со Предлог на закон.**

Претресот по Предлогот за донесување на законот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за Комитет за односи меѓу заедниците.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, за гласале 59, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеника, за гласале 62, воздржани нема, против 3.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претреси и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани за додавање нов член 10-а по членот 10 и на член 10-а став 3 и за менување на став 4 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за политички системи односи меѓу заедниците поднесе амандман на член 3 став 4 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правна комисија поднесе амандмани на член 3 став 5; член 4; член 8 и на член 11 став 3, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Роза Топузова Каревска поднесе амандмани за менување на член 6; член 8 став 6 и на член 14 за бришење на став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Ќенан Хасипи и Хади Незири поднесоа амандмани на член 6 за додавање нов став 2 по ставот 1 и на член 9 за додавање нова алинеја 7 по алинејата 6, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски поднесо амандмани на член 3 став 4 за додавање нова реченица; член 8 став 6; член 8 за менување на став 6; член 9 за бришење на алинеите 4 и 5; за менување на член 13 и на член 14 за менување на став 1, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 4 за додавање нова реченица, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Маневски.

Повелете господине министре.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине претседателе.

Владата не го прифаќа овој амандман, со оглед на тоа дека составот на Комитетот е утврден согласно припадноста кон одредена заедница и процентуалната застапеност на бројот на пратениците од одредена политичка партија што е пореално и пореално го одразува составот на овој Комитет.

Од овие причини амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Ако министерот добро го прочитал членот што го имаат понудено, тоа е членот 3 точка 4 каде Комисијата за прашања на изборите и именувањата при предлагањето на избор на членови на Комитетот од редот на пратениците македонци, значи не зборува само за припадниците на заедниците, води соодветна сметка, амандманот 1 служи само за допрецизирање на ставот 4 на членот 3 дека она што постои во пракса и до сега дека Комисијата за прашања на изборите и именувањата треба да води сметка за пропорционалната застапеност на пратениците од позиција и опозиција.

Точката 4 од членот 3 што Владата ни ја предлага, не се однесува само на изборот на припадниците на заедниците, туку се однесува на сите членови 7 македонци, 7 албанци и по еден член од припадниците на заедниците. Тука се јавува првата дилема што сакаме да ја допрецизираме.

Втора, да не ни се случи, како што сега имавме случај, има два претставници од ромската заедница ама Владата го избра тој што е во позицијата. Да не се случи да има и позицијата и опозицијата по еден ром, по еден турчин, по еден србин, а Комисијата за прашања на изборите и именувањата да ги предложи сите припадници од заедницата кои се дел од парламентарното мнозинство.

Затоа мислам убаво да го прочитаме амандманот, ова е во функција на нешто што како пракса ние координаторите на секој мандат на секое собрание кога ги востановуваме комисиите ги распределуваме врз база на некоја процентуална застапеност, тоа важи за сите 20-тина комисии што постојат во Собранието. Не гледам причина тоа да не се трансферира и во Комитетот за односи меѓу заедниците. Да не ни се случи и србинот и турчинот и ромот и бошњакот припадници на етничките заедници од парламентарното мнозинство сите да бидат членови на Комитетот, а припадниците на истите заедници кои се во опозиција ни еден од нив да не биде вклучен во Комитетот. Затоа некој баланс мора да има и во составот на Комитетот.

Затоа пратеничката група на СДСМ во интерес на етничките заедници го предлага овој амандман за да нема мајоризација од страна на мнозинството односно опозицијата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Кенан Хасипи, повелете.

Барате збор или реплика? Повелете.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине претседателе.

Господинот Макрадули начна едно прашање кое што на моја иницијатива беше предмет на расправа и на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците и сакам да го информирам дека согласно на тоа што претставникот на Владата го прифати амандманот, ставот 4 од член 3 е изменет. Така, она за што зборуваше господинот Јани Макрадули не е текст на законот, бидејќи тој е изменет со предлогот што го доставивме ние на Комисијата за политички систем, а истиот беше прифатен од претставникот на Владата, каде покрај албанската и македонската заедница се набројуваат и останатите заедници и се утврдува начинот на формирањето на Комитетот за односи меѓу заедниците согласно принципот на правична и соодветна застапеност.

Според тоа, до колку некоја од политичките партии од опозицијата во ова Собрание има поголем број на пратеници, неговиот пратеник ќе ја претставува таа заедница во тој Комитет за односи меѓу заедниците и согласно на ова нема потреба од понатамошно менување на текстот на овој член. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господин Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Мислам дека овој амандман е согласно духот на законот кој што се предлага. Со оглед на тоа дека можеби многу работи би требало да се допрецизираат, но и принципот или потребата од предлагање на овој закон произлезе како резултат на една ниска доверба помеу релевантните политички субјекти на Република Македонија и како резултат на злоупотребата на нејаснотиите и во Уставот во однос на ова прашање, кога сме свесни за фактот дека оваа материја е разјаснета и од Уставот и дилемите дали треба да има закон за ова прашање дефинирано во Уствот, мислам дека тука се опфаќа голем дел од дебатите и на припадниците на позицијата и опозицијата. Мислам дека сето тоа е со право, затоа што фактички од недостатокот на взаемна недоверба и ниското ниво на комуникација и дијалогот, дојдовме до ситуација да нормираме јасни уставни елементи, со цел нејаснотиите или неможноста преку политичката волја да се надминат овие нејаснотии, сега приморани сме тоа да го правиме и со закон. Со оглед на тоа дека овој закон и така е во насока на прецизирање на начинот на донесување на одлуките од страна на Комитетот, мислам дека не е ништо лошо да се оди понатаму со ова допрецизирање и да се дефинира пристапот со кој би се гарантирала и една подобра рамнотежа меѓу мнозинството и опозицијата, се разбира земајќи ги предвид и забелешките и идеите на господинот Кенан кој што ги кажа пред малку можеби има и елементи кои што фактички може и врз друга основа да го регулираат ова прашање. Меѓутоа, сепак, мислам дека застапеноста на заедниците треба да биде таква каква што е во Уставот, таа не може да биде поинаква. Но, треба да се има предвид и треба да се внимава и на застапеноста врз оваа основа и од овој аспект, не затоа што мислам дека една таква односно дека тоа е многу потребно сега веднаш, но со оглед на тоа дека дојдовме во една ситуација кога ова прашање треба со закон да го регулираме, стравувам дека утре може да ни се појават недоразбирања и од овој аспект, кој што може да се дефинира и може да биде појасен, со

цел да се избегнат можни недоразбирања во иднина. Затоа, мислам дека би требало да се размислува во насока на поддржување на едно такво нешто.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, за гласале 15, воздржани нема, против гласале 39.

Молам, да се достави точен број на пратеници во моментот на гласњето.

Жалам, но гласањето не е валидно, ќе го повториме, бидејќи немавме доволен број на пратеници.

Ги молам пратениците кои не влегле сеуште во салата, да влезат во салата затоа што гласаме.

Ги молам службите сега да пребројат, имам впечаток дека има кворум, да преброите уште еднаш.

Бидејќи во салата има 66 пратеници, го повторуваме гласањето.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Глсале 54 пртеници, за гласале 15, воздржано 1, против гласале 38 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 6, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Маневски.

Повелете господине министре.

**Михајло Маневски:** Благодарам претседателе.

Амандманот на пратеникот Роза Топузова Каревска гласи дека Комитетот од редот на своите членови по принципот на ротација секоја година избира претседател и заменик на претседателот.

Владата го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа овој амандман и според тоа амандманот, текстот на амандманот станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за додавање нов став 2 по ствот 1, поднесен од пратениците Кенан Хасипи и Хади Незири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Маневски, повелете.

**Михајло Маневски:** Суштината на амандманот по принципот на ротација секоја година да се бира претседател и заменик претседател, мислам дека е тоа амандман кој што е веќе апсолвиран, меѓутоа во останатиот дел амандманот на пратеникот не се прифаќа, со оглед на тоа дека веќе се навлегува во компетенциите на самиот Комитет кој што треба да избира претседател или заменик претседател секоја година, како што е амандманот прифатен на членот 6.

Значи, половина е веќе задоволен амандманот на пратеникот Кенан Хасипи и пратеникот Хади Незири, така што мислам дека и тие ќе се согласат со сето ова што го кажав.

**Љубиша Георгиевски:** Го чувте министерот. Значи, амандманот во еден дел е со претходниот амандман потврден, а со вториот дел Владата не го прифаќа.

Сега, за збор прва е госпоѓа Лилјана Поповска, а претходно се јави господинот Хасипи.

Повелете.

**Кенан Хасипи:** Иако навидум двата амандмани се со иста содржина, постои една мала разлика. Амандманот што го поднесовме со господинот Хазири прецизира дека принципот за ротацијата ќе важи не само за македонската и албанската етничка заедница, туку и за останатите етнички заедници. Иако, длабоко верувам дека Комитетот сигурно ќе донесе таква одлука, тој принцип на ротација да важи и за другите заедници. Единствена непрецизност е што во нашиот амандман не сме прецизирале мандат од една година или секоја година, што сепак сметаме да го оставиме да го утврди Комитетот. Бидејќи претходниот амандман од госпоѓата Роза Топузова Каревска е прифатен, јас го повлекувам амандманот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Господине Алити вие се јавивте процедурално, повелете ги имате вашите три минути процедурални.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Бидејќи во текот на читањето на амандманите, не се прочитаа, за да слушнете уште при читањето на амандманите кои се поднесени, а се поднесени било од Владата или од пратениците, не се прочита амандманот или двата амандмани на ДУИ, до колку го пропуштив тоа, добро е уште еднаш да го потврдите, да се прочита нашиот амандман или не се прочита од ваша страна.

**Љубиша Георгиевски:** Да, еве, објаснувањето од службите, овие амандмани се предложени за усогласување и затоа не се прочитани, ама ќе бидат прочитани во сценариото како што службите го предложиле тоа. Тоа е и објаснувањето на службите.

**Рафис Алити:** Значи дека ќе се прочитаат и ќе дебатираме по истите.

**Љубиша Георгиевски:** Се разбира.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 6, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

Има збор господинот министер.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине претседателе.

Во членот 8 став 6 се наведува дека седница на Комитетот може да се свикува по барање на претседателот на Владата на Република Македонија, претседателот на Собранието, по барање на пратеничка група и по барање на најмалку 10 членови на Комитетот. Мислам дека Владата кога го предлагаше овој амандман апсолутно немаше ни на крај памет не ни паѓаше овој амандман да звучи така Владата со можноста претседателот на Владата да предлага свикување на Комитетот, практично да врши влијание врз работата на Комитетот. Бидејќи, во расправата се изнесени такви сомнежи и за да се отстранат било какви сомнежи и не само за овој, туку и за другите закони, но посебно за овој закон Владата го прифаќа амандманот и зборовите “претседателот на Владата на Република Македонија”, да се бришат. Мислам дека тој амандман е и од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

**Љубиша Георгиевски:** Значи, и овој амандман го прифаќа Владата, така што текстот на амандманот станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 6, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Маневски.

Повелете господине министре.

**Михајло Маневски:** Претседателе, Владата не го прифаќа амандманот, бидејќи согласно претходно кажаното, значи точно е во ставот 6 определени се точно субјектите на чие барање може да се свика седница на Комитетот. Мислам дека од тие причини овој амандман не треба да биде прифатен.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има господин Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, мислам дека требаше според сценариото да ги ставите под исто разгледување и двата, бидејќи двата се со иста содржина. Не вие, туку тие што ви помагаат околу сценариото. Апсолутно, бидејќи двата амандмани се исти, тогаш согласно Деловникот се води единствен претрес. Затоа, сега практично министерот го прифати истиот текст на еден пратеник, не значи дека го одбива овој. Сега, се извинувам, во салата не се присутни, но во име на пратеничката група немам такво деловничко право да го повлечам амандманот, бидејќи е ист со оној што го прифати министерот. Затоа, нема потреба ни да го гласаме амандманот, но вие требаше во исто да ги гледате двата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Значи овој амандман е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 8 за менување на став 6, поднесен од рпатениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Маневски.

**Михајло Маневски:** Владата не го прифаќа овој амандман, господине претседателе, од причини што веќе ги наведов што се однесуваат на работата на Комитетот и односите меѓу заедниците.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

За збор се јави госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе,

Со оглед на тоа што со овој закон се уредува начинот на работата на Комитетот, тогаш е многу нормално да се уредат одредени прашања кои што не се наведени во Уставот, како што е овој амандман, како што е овој член од законот, заради тоа што сметаме дека е неопходно некогаш да има механизам кој што ќе им овозможи на членовите на Комитетот за односи меѓу заедниците да предложат расправа по одредена точка на дневен ред на Комитетот, до колку претседателот на Комитетот нема иницијатива за свикување на Комитетот и за расправа на одредено прашање. Овој механизам за можност најмалку 1/3 од членовите на Комитетот да предложат расправа или да предложат дневен ред по кој што Комиетот ќе расправа по одредени прашања е механизам кој што се користи во собраниските тела, во собраниските комисии и затоа сметам дека не е ништо спорно, ниту претставникот на Владата, ниту парламентарното мнозинство да го прифати овој амандман, затоа што овој амандман само ќе овозможи дополнително обезбедување на механизам, кој што ќе им овозможи на членовите на Комитетот да иницираат расправа по определени прашања во оној момент кога претседателот на Комитетот не планира да свика седница на Комитетот. Сметам дека ова е добро решение и дека само ќе придонесе за поквалитетно заседавање и поквалитетна работа на Комитетот за односи меѓу заедниците, да овозможи за прашања за кои што претседателот можеби не смета дека треба да се дискутираат, да им даде можност на пратениците кои што се најмалку 1/3 членови на Комитетот да иницираат вакви прашања.

Очекувам парламентарното мнозинство да го поддржи овој амандман, до колку се искрени во намерата прецизно да се уредат одредени прашања кои што се од начинот на работата на Комитетот и уште повеќе да овозможи вистихска дебата на Комитетот за односи меѓу заедниците. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збопр има господин Кенан Хасипи, повелете.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине претседателе.

Сметам дека амандманот што го поднесоа Цветанка Иванова и Оливер Спасовски има длабока правна логика, најмалку од две причини.

Прво, оради тоа што прелистав по многу закони и увидов дека речиси во ниеден не стои дека само до колку кон едно барање се приклучи мнозинството, дури тогаш доаѓа на дневен ред. Секогаш таа цифра е помала од мнозинството.

Ова што го имаме во законот нјмаку 10. тоа значи дека 10 е мнозинство од 19 и до колку тоа мнозинство не сака некое прашање да биде на дневен ред на Комитетот за односи меѓу заедниците, никогаш не може да дојде на дневен ред. Тоа значи дека согласно оваа логика опозицијата никогаш не може, бидејѓи постојано е има помал број членови во овој Комитет по некоја правна логика, не ќе можат да иницираат прашања до колку не постои согласност од мнозинсвото тоа да го прифати и да го уврсти во дневниот ред.

Затоа логиката најмалку една третина многу држи, дури јас сметам дека уште пологично ќе беше до колку таа цифра се симне на цифрата 5, колку што има претставници од помалите етнички заедници, затоа што и по оваа логика помалите етнички заедници некоја проблематика што ги тангира нивните интереси не можат да ги донесат на дневен ред на овој Комитет доколку не добијат подршка од другите колеги кои што се членови на овој Комитет. Затоа мислам дека амандманот држи и би требало да го подржиме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повлете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине Претседателе.

Јас очекував дека овој амандман ќе го прифати претставникот на предлагачот. Пред се заради јавноста сакам да истакнам што бараме со овој амандман.

За да кажам што бараме со овој амандман треба да го прочитам основното решение кое што ни е понудено со законот, а тоа е дека седница на Комитетот може да се свикува по барање на претседателот на Владата, бидејки јас малку закаснив информирана сум дкеа е прифатено, ние го бришевме со претходен амандман, претседателот на Собранието по барање на пратеничка група и по барање на најмалку 10 членови на Комитетот.

Јас мислам дека во Деловбникот за работа на Собранието на Република Македонија има одредба која што важи кој може и како може да свика седница на работно тело во Собранието на Република Македонија до колку претседателот на тоа работно тело не сака да ја свика седницата.

Значи, според одредбите од Деловникот до колку претседателот на работното тело, во случајот на Комитетот за односи на заедниците не сака да свика седница на Комитетот за прашања кои што се од надлежност на Комитетот тогаш според Деловникот кој што важи за работните тела може да свика седница претседателот на Собранието, кое што веќе го има и по барање на една третина членови на работното тело односно на Комитетот.

Значи, ние сега со овој амандман бараме Комитетот да може да се свика по барање на една третина на членови на Комитетот кој што амандман значи усогласување со одредбите кои што важат за работата на работните тела, а воедно и можност давистина фактички кога претседателот не сака да свика седница да може и малцинските заедници кои што членуваат во Комитетот да предизвикаат или да побараат срећавање или седница на Комитетот.

Вака како што е срочено решението каде што се бара најмалку 10 член аод Комитетот да бараат свикување на седница тоа би значело дека мнозинството членови никогаш нема да се сложат 10 члена да биде свикан Комитетот да расправа по одредени прашања за кој што е заинтересиран некој член во Комитетот, а кој што е претставник на помала етничка заедница. Всушност надлежноста на Комиетот е да ги расправа спорните рпашања или правата и интересите кои што тука ние ги расправаме, кои што се однесуваат на етничките заедници.

Мислам дека парламетнарното мнозинство треба да го изгласа овој амандман затоа што е логичен, затоа што е усогласување со одредбите од Деловникот и на крајот на краиштата вака како што е срочен значи дека никогаш нема да се свика или да се примени одредбата од овој член за свикување на седница на Комитетот, затоа што никогаш 10 члена од Комитетот нема да постигнат согласност за свикување седница на Комитетот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Сафет Незири повелете имате збор.

**Сафет Незири:** Благодарам господине претседател.

Почитувани колеги пратеници, господине претседателе до колку може малку да ги смирите 5-6 луѓе се на нозе, стојат. Ако на некој не му се седи може да излезе надвор да се освежи.

Гледајки го предложениот амандман од страна на колегите не само тоа што гокажа господинот Кенан Хасипи дека има голема логика, мислам дека е и демократско не само на нашите парламентарни седници, туку и во разните комисии како работни тела на Собранието на Република Македонија секогаш се разговара за теми или за прашања кои што се третираа од нејголемите заедници во Република Македонија.

Ние, како демократска опција која што ја претставуваме секогаш имаме предвид дека треба да се даде легитимна правна и уставна можност и на другите етнички заедници да ги претставуваат и изразуваат своите ставови во врска со културата, јазикот, образованието и т.н. и т.н.

Мислиме дека ова е прифатлива опција, прифатлива варијанта со цел барем до некаде некои легитимни уставни права на помалите етнички групи да им се овозможат, групи кои што учествуваат во овој Комитет и со тоа да им се даде можност понекогаш д аподигнат некое прашање и дискусија за дебатирање можеби Комитетот да донесе и некое мисељње илиодлука околу некое такво прашање и тоа да го пренесе до пратениците односно Собранието на Република Македонија.

Мислам дека една третина не е бројка за шегување, не е мала бројка, затоа што 6 членови на Комитетот, значи потребно е 6 члена на Комитетот да покренат некое прашање легитимно и прифатливо, затоа штодо колку земеме еден претставник на една етничка заедница на ромската, српската и влашката можеби некој друг може да му се придружи и секогаш тие може да бидат во средиште на вниманието за да се разговара за прашања кои што ги тангираат. Но, постои една друга опозија.

Со оглед на тоа дека составот на Комитетот е 7 плус 7 и секогаш, на пример кај албанската етничка заедница има претставници некои членови кои припаѓаат на партија која е на власт а друг на опозиција, меѓутоа не можат да го постигнат можност да покренат некоја иницијатива и постои таа демократска иницијатива бројот да биде помал, а многу често да се дискутираат и дебатираат прашања кои се во интерес на сите а не само на таа определена етничка заедница, туку во општ интерес и во интерес на сите граѓани кои живеат во Република Македонија.

Освен тоа и досегашната пракса во Парламентот знае дека претставникот на Владат аили Владат аодбие еден таков амандман мнозинството на пратениците на слеп и нем начин аминуваат едно такво нешто, го подржуваат предлогот на Владата. Мислам деак еднаш за секогаш тие колеги кои што сме пратеници во Собранието на Република Македонија треба да се освестиме и понекогаш да бидеме и самокритични околу ставовите кои што треба да ги заземеме од логички интелектуален аспект и да размислуваме која е најдобрата варијанта, или која е н помалку добрата варијанта односно да не кажам лоша.

Јас би апелирал до парламентарното мнозинствоовој амандман да се прифати како таков затоа што се работи за една демократска категорија, се работи за една правна и уставна категорија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

На самиот почеток би сакала да се заблагодарам на министерот за прифаќањето на двата амандмани и сакам да кажам дека што се однесува до амандманот на член 6 апсолутно направи добра работа, затоа што со ротирачкиот мандат од една година, како што беше истакнато не само што ќе може да претседава со Комитетот претставниците на албанската или ромската заедница, туку ќе може да се даде можност и на помалите етнички заедници да можат да заседаваат со што ќе се одрази и мултиетничкиот карактер на нашето општество.

Би сакала исто така да кажам дека со измената во членот 8 министерот имаше доблест да се издигне над парламентарното мнозинство и она што немаше да биде прифатено од парламентарното мнозинство според вчерашните дискусии, врз што го темелам ов. Го темелам врз основа на тоа што господинот Трајко Вељановски рече дека нема никаква забелешка на членот 8 значи минситерот се издигна и она што не можат и немаат доблест и храброст да го направат пратениците од парламентарното мнозинство го направи тој. Во секој случај многу сум благодарна.

Соприфаќањето на овој амандман направи еден чекор кон враќање на дигнитетот на Собранието.

Почитувани колеги пратеници очекувам да го прифатите овој амандман затоа што апсолутно не гледам ништо спорно во него да може да се свикува по иницијатива на една третина пратеници на Комитетот. Тоа не е спротивно со Деловникјот. Сите работни тела можат, имаат можност така да се свикаат, така што не е ништопоразлично и во секој случај сакам само да ве потсетам дека се работи само за подигање на иницијатива. Са, ќе се состане Комитетот, ќе дебатира по тоа, но во секој случај парламентарното мнозинство е тоа што го има мнозинството и во овој Комитет. До колку смета, цени дека е неприфатлива иницијативата не мора и да ја прифати. Значи, од што се плашиме. Се плашиме од тоа што ќе се отвори одредено прашања.

Јас мислам дека демократијата, основните принципи на демократијата се да се даде можност да се дебатира по сите прашања, без разлика дали е една третина, или две третини сметаат дека се од суштинско значење особено кога се рпашања кои што засегаат едно многу чувствително прашање меѓу етничките односи.

Не гледам ниту еден аргумент зошто не би бил прифатен односно паратениците не би го изгласале овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Тахир Хани, повелете имате збор.

Господине Хани се извинувам, за реплика се јави госпоѓа Силвана Бонева, повелете вашите три минути.

**Силвана Бонева:** Благодарма почитуван претседателе.

Сосема ги разбирам аргументите на колешката за членот 8 и за начинот на свикување на седница, но во членот 8 точка 6 се зборува освен тоа дека најмалку 10 членови на Комитетот можат да достават барање за свикување на

седница и освен претседателот на Собранието се вели по барање на пратеничка група, а пратеничка група во Собранието на Република Македонија чинат 5 пратеници, овде се бара една третина од членовите на Комитетот. Една третина од членовите на Комитетот се скоро 6 пратеници. Значи, мислам дека од 19 члена толку доаѓа и третина повторно се исполнува условот што се бара во членот 8.

Единствено ако мисли колешката дек аод различни етнички заедници колегите кои што се членови на Комитетот тие да се соберат, па третина од нив, меѓутоа тие се припадницивo исто време и на политичките партии и на парламентарните групи и мислам да не им се оневозможува правото да покренат иницијатива за да се свика Комитетот за односи помеѓу заедниците.

Затоа мислам дека повторно имаме овде исполнување на тој услов, помалку од 10, што значи 5 члена да бидат пратеничка група која што има 5 пратеници, во која штомакар и еден да има само како претставник на помалите етнички заедници да побара свикување на седница на Комитетот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓо Роза Топузова Каревска дали имате контрра реплика.

**Роза Топузова Каревска:** Токму тоа беше интенцијата односно колешките, колегите кои што го поднеле амандманот сметам дека тоа им е интенцијата, а во таа насока беше и мојат аподршка-да можат помалите етнички заедни кои што не се пратеничка група, знаете дека немаме пратеничка група, а сега имаме голем број на пратеници во овој мандат кој што не прават пратеничка група. Значи не се само помалите етнички заедници,имаме претставници на Либералната партија, на Социјалистичка и т.н., да не ги набројувам и независните сега пратеници, можеби ќе сакаат да иницираат прашања. Значи, само ќе се иницираат прашања по кои што се расправа но сепак мојата заложба беше особено претставниците на помалите етнички заедници да можат да иницираат дебата на Комитетот.

Значи, мислам дека ништоне е лошо ако овој амандман биде прифатен. Напротив ќе ги помогне демократските процеси во работата на овој Комитет. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Хани колку што гледам вие покасно ќе говорите.

Има збор господин Тахир Хани, повелете.

**Тахир Хани:** Ви благодарам почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Ќе говорам за да го подржам предложениот амандман околу исполнување на член 8 став 6 од Законот за односи меѓу заедниците. Мислам дека треба да се подржи од страна на Владата, вомоментот се побара и подршка од пратениците околу овој предложен амандман од причина што и госпоѓа Силвана Бонева нагласи дека со овој член е предвидено и парламентарната група која може да брои до 5 пратеници има право да свика седниц ана Комитетот за односи меѓу заедниците.

Имајќи го во предвид составот на Комоитетот за односи меѓу заедниците во кој членуваат 7 пратеници од макеоднската заедница, 7 албанци и 5 од другите помали заедници тогаш секако дека во многубројните калкулации можеме да дојдеме до една можност и некој парламентарен состав или 5 пратеници кои можат да бидат во Комитетот за односи меѓу заедниците. Можеби сите припаѓаат на различни етничкиприпадности. Но тогаш се дава дополнителна можност и демократск аможност да иницира во Комитетот за односи меѓу заедниците.

Така што иако оваа категорија е мајоризација или начин на покренување на покренувања иницијативи постои и во Деловникот за работа и во други закони, во разни формулации тогаш нема ништо спорно со Уставот за да се прифати овој амандман и да се даде една подобра можност на состав на пратеници, 5 пратеници кои ќе бидат присутни во Комитетот за односи меѓу заедниците, да покренат иницијативи за кои ќе може да се расправа во Комитетот за односи меѓу заедниците.

Значи, прифаќајќи еден ваков амандман се дава поширока демократска жност за расправа за разни теми кои ќе ги засегаат заедниците и интересите на етничките малцинства кои се многу помали во Република Македонија.

Значи, намалувајки го цензусот на покренување на иницијатива од 10 пратеници во една третина тогаш реално се дава поголема демократск аможност за помалите етнички заедници кои можат да имаат заеднички интерес и да покренат иницијатива.

Затоа јас го пдоржувам предложениот амандман и мислам дке апратениците треба да изгласаат еден ваков амандман кој не менува ништо суштински освен што на помалите етнички заедници им дава можност до колку една парламентарна група со 5 пратеници може да покрене иницијатива во Комитетот за односи меѓу заедниците тогаш зошто тоа да не можат да го направат 5 пратеници кои припаѓаат на помалите етнички заедници, да немаат право да покренат иницијативи за расправа. Значи прифаќајки гоовој амандман мислам дека нема да има некоја коренита промена освен тоа што ќе се даде поголема демократска можност за пратеници кои што не можат да ја надминат таа бројка. Ако стоиме со варијантата 10 пратеници, 10 члена на Комитетот може да покренат иницијатива и оваа иницијатива тогаш би требало да биде усвоена, но мислам дека треба да се изгласа од страна на пратениците на Парламентот на Република Македонија. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, многу е тешко да се дебатира за еден амандман кој што не е прашање дали Парламентарното мнозинство ќе го прифати или не, туку тој е дел од Деловникот што го имаме во Собранието за работа.

Согласно член 115 постојните работни тела што се формираат од Собранието, се регулирани, значи посебна глава има на работни тела во Собранието и за сите работни тела постои можноста една третина пратеници да можат да свикат седница на одреденоо работно тело, во овој случај свикување на седница на Комитетот.

Многу е тешко да се даваат аргументи за нешто што е толку очигледно да сме приморани да ја бараме причината зошто Владата се решава да не го прифати овој амандман.

Единствена логика гледам во блокирањето на некоја иницијатива да дојде од Комитетот, односно од членовите на Комитетот. Да биде апсурдноста поголема Владата во својот предлог вели дека 5 пратеника, бидејќи тоа е пратеничка група, може да свикаат седница на Комитетот, но девет пратеника не може да свикаат седница на Комитетот. И тоа, 9 пратеника можат да бидат двајца Македонци, двајца Албанци, еден Турчин, Ром, Србин, Влав и Бошњак. Значи, таква една артикулација на пратеници 9, не можат да свикаат седница. Не да одлучуваат, туку да свикаат да побараат точка. Значи сите пет заедници, плус 2 Македонци и плус двајца Албанци не можат да свикат седница, ама пратеничка група со 5 пратеника, можат да го направат тоа.

Од друга страна, толку е апсурдно, што човек се чуди како воопшто треба да губиме време за нешто што прво е спротивно на Деловникот што ќе го донесеме, спротивно на праксата што постои 16 години во ова Собрание дека работните тела со една третина можат да покренат иницијатива. Да не зборувам што е апсурдна ситуацијата дека пет души можат да свикат седница на Комитетот, а Владата вели 9 души не можат.

Покрај тоа, сегашниот пример, припадниците на етничките заедници, не сите, членуваат на пратеничка група. Зошто да им го ускратуваме тоа право ним, да може да учествуваат кои учествуваат во Комитетот да се договорат да започне некоја иницијатива. Јас повторно кажувам, станува збор за свикување. Не правиме муабет за одлучување. Но очигледно, товарот од Мајскиот договор меѓу Груевски и Ахмети е таков да се обидуваат да се стави по една цигла која ќе ги запира запчаниците за имплементацијата на тој договор и ова е механизмот што го нашле. Како ќе продуцираме закон кога ќе биде форма, а во суштина тој не ќе може да профункционира доколку двајца Македнцик, двајца Албанци, еве нека бидат од опозицијата, Турчин, Ром, Србин, Влав и Бошњак, ако бараат седница на Комитетот. Мислам дека мора да се прифати овој амандман не само деловнички, туку пред се, од политички аспект, од имплементација и навистина да видиме дали се бориме за заштита на етничките заедници во Македонија, или само тоа ни е алиби, кога ни требаат гласови за судскиот совет. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Дали има реплики? (Нема.)

Господин Благој Зашов, повелете.

**Благој Зашов:** Не реплика, збор.

**Љубиша Георгиевски:** Тогаш господин Рафис Алити.

Господине Зашов се пријавувате ли за збор или за реплика.

**Благој Зашов:** За збор.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете.

Тогаш погрешно ве разбрав. Се извинувам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине претседателе.

Ќе ја искористам приликата дискутирајќи околу став 6 од членот 8 и амандманот што е предложен да кажам две работи.

Прво, дека сум задоволен од фактот што Владата го прифати амандманот на колешката Каревска, бидејќи јас имам такво мислење и го изнесов на седница на Законодавно-правната комисија и

Второ, во тој случај, на таа седница зборував и за еден друг сегмент од овој став на членот 8 во кој мислам дека треба да се изврши јазично техничко дотерување, бидејќи има една нелогика во изразот. Седница на Комитетот може да се свикува по барање на.

Зошто го велам тоа? Затоа што, има тука две работи: дали може да се свикува, а не мора и дали се свикува. Тоа значи дека мора да се свика. Ако вака како што пишува овде, тоа значи дека претседателот на Комитетот и покрај тоа што најмалку десет членови бараат, или претседателот на Собранието бара да се свика Комитетот, тој и не мора да го свика Комитетот, бидејќи тоа е само можност. Ако дикцијата е таква што овие што можат да барат да се свика, имаат практично право, односно обврска за претседателот на Комитетот, задолжително тој да свика седница на Комитетот, тогаш треба да се изврши една јазично техничко дотерување.

Имено, треба да стои:"седница на Комитетот се свикува", значи без можност, или ако е можност тогаш "седница на Комитетот може да се свика, а не може да се свикува", бидејќи се работи за една седница, а не се работи за повеќе седници кои се свикуваат во континуитет.

Оттаму, јас само сугерирам при редактирањето на ставот 6 од членот 8, доколку е тоа можно и доколку предлагачот го прифаќа да се извршат овие соодветни измени за да може да биде многу појасно.

Значи, повторувам појасно во смисла дали претседателот на Комитетот е обврзан да свика седница по барање на што се наведени, или тоа

е само една можност, но тој не мора, а овие можат да бараат, но не мора да се свика. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас господине Зашов.

Сега збор има господин Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Почитувани пратеници во изминатиот мандат, во текот на четирите години Комитетот за меѓуетички односи во текот на својата работа имаше како еден од приоритетите да го свои Деловникот за работа на Комитетот. Ние еден таков Деловник усвоивме, односно минатиот парламентарен состав го усвои. Ова го велам затоа што со тој Деловник се предвидуваше, доколу беше потребно една третина од членовите на Комитетот за да се стави точка на дневен ред или да се свика состанок на Комитетот, тогаш претседателот на тогашниот комитет беше обврзан да свика една таква седница на Комтетот. Значи, мислам дека би било добро и претставникот на Владата, но и пратениците од мнозинството да го побараат Деловникот за работа на Комитетот за меѓуетнички односи, според кои се работеше во текот на 4-те години. Мислам дека е многу логично да се поддржи овој амандман, како што е предложен од страна на колегите и тоа од повеќе причини.

Прво, затоа што овој амандман е во согласност со Деловникот на Комтетот за меѓуетнички односи, а исто така е во согласност со Деловникот за одржување на работните тела во нашето Собрание, што значи дека тој во ништо не е во спротивност со Деловникот на Собранието. Напротив, тој е во согласност со Деловникот за работа на Собранието. Токму имајќи ги предвид овие два момента, сосема е логично свикувањето на седницата да биде со една третина од членовите, а не така како што е предвидено со овој Предлог закон.

Ова го велиме затоа што доколу една седница се свика на барање на една третина на пратениците, не значи дека и донесувањето на одлуките ќе биде така. Донесувањето на одлуките ќе биде регулирано и со Деловникот на Комитетот и со Деловникот на Собранието. Значи, донесувањето на одлуките е регулирано со сето тоа. Токму, имајќи ги предвид сите овие моменти, мислам дека пратениците од малцинството и од опозицијата треба да прифатат и да поддржат еден ваков амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине Рафис.

Драги колеги, на галеријата се наоѓаат нашите драги гости од Чешка, од Комисијата за надворешна политика на Комората на пратениците во Парламентот на Република Чешка. Тука се господин Јан Хамачек, претседател на Комисијата за надворешна политика во Комората на пратениците во Парламентот на Република Чешка, госпоѓа Хелена Малотова, член на Комисијата, господин Милослав Соушек, член на Комисијата, господин Васлав Екслен член на Комисијата, госпоѓа Станислава Микшова секретар и господин Мирослав Толба преведувач.

Предлагам да ги поздравиме со срдечен аплауз.

(Аплауз)

Продолжуваме со расправата по амандманот.

Збор има господин Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе.

Колеги пратеници, почитуван министер,

Овој амандман кој што го предложивме со колешката Иванова, како впрочем, и другите амандмани, имајќи ги предвид причините заради кои што се донесува Законот за Комитетот меѓу заедниците и вклучувајќи ги тие политички причини кои што се основа на донесување на овој закон, навистина, сметавме дека имаме многу одредби кои што се нелогични и кои што ќе бидат тешко применливи одредби со кои што ќе настанат проблеми во функционирањето на овој Комитет. И со намера навистина да имаме подобар текст на Законот, тоа го укажавме и на Законодавно-правната комисија и сега, навистина, да поднесеме амандмани со кои што ќе направиме овој текст да биде поквалитетен и да можеме да очекуваме дека носењето на овој закон, навистина, во суштина ќе го подобри работењето на Комитетот, иако сметам дека и до сега немаше никаков проблем во функционирањето на Комитетот за односи меѓу заедниците, меѓутоа, тоа е политички проблем кој што датира од мај минатата година за кој што сакале или не, станува тема на разговор во Собранието.

Една од одедбите за кои што реков дека имаме нелогичности е токму ова со која што се укажува дека кој се може да побара да се свика Комитетот. Значи, меѓу кои и пратеничка група и по барање на најмалку 10 члена на Комитетот.

Најголемата нелогичност во целиот овој текст е навистина се поставува едно прашање и дилема како пратеничката група, било која, а основа за да формираш пратеничка група во Собранието е пет пратеници, е доволна, а членовите на Комисијата кои што формално правно ги избира ова Собрание, мора да бидат 10 члена на Комитетот за да биде свикан. Ја рушиме праксата и уредбата на Деловникот, која што досега пропишува дека една третина најмалку од членовите на било кое работно тело на Собранието ќе може да го свика, односно да побаа свикување од претседателот на тоа работно тело. Само исклучок правиме во од нос на Комитетот. Не знам кои се причините. Мислам дека нема понудено никакви аргументи и не знам кои би биле аргументите кои ќе одат во прилог на тоа дека 10 члена на Комитетот можат да побарат да се свика Комитетот за односи меѓу заедниците. Не би сакал да верувам и не верувам воопшто дека е тоа за да не може

малите етнички заедници, кои што членуваат во Комитетот, да го свикаат, односно да побараат свикување на Комитетот, заради тоа што гледаме некои претставници на албанската етничка заедница го прифаќаат амандманот и кажуваат дека е во ред дел од членовите кои што се таму, без разлика на која политичка или етничка припадност се, да можат да побараат да се расправа на овој Комитет. Со самото барање што е предвидено во овој закон не се укажува на тоа дека мора да се одлучи на начинот на кој што побарала таа група пратеници или дека мора да помине барањето кое што го имаат поставено за разгледување пред Комитетот. Напротив, ако остане оваа законска одредба, ако сакаме да покренеме тема која што ќе се расправа во Комитетот за односи меѓу заедниците  и ако тоа биде со 10 членови од Комитетот, со тоа веќе прејудицираме и каква одлука ќе биде во однос на темата на расправа во Комитетот за односи меѓу заедниците, што апсолутно не е суштина  во една парламентарна демократија и во работа на било кое од работните тела. Или  можеби, е навестување дека ќе се промени Деловникот и од сега натаму во сите комисии кои што треба да ги свикуваме во Собранието, работни тела на Собранието, ќе воведеме дека десетина членови ќе бидат доволно потребни да може да се свика една Комисија да разгледа одредено прашање.

Токму заради тоа мислам дека во недосаток на аргументи, очекував дека министерот, како едно од најбенигните решенија, како решение кое што пстои во постоечкиот Деловник на Собранието, ќе го прифати овој амандман. Доколку не се прифаќа, не знам како што реков од кои причини, јас би ги замолил колегите од Парламентарното мнозинство од ВМРО ДПМНЕ да го изгласаме овој амандман и да останеме на принципите на практиката која што е востановена или правото кое што е востановено во Деловникот на Собранието да важи за Комитетот за односи меѓу заедниците, заради тоа што ништо суштински не се менува во тој поглед, ништо суштински нема да придонесува во функционирањето на Комиетот за односи меѓу заедниците со однапред утврдени некакви резултати и критериуми, туку, во суштина ќе можеме да овозможиме на сите членови на Комитетот, дали се припадници на помалите етнички заедници, дали се на одредени политички партии, дали се припадници на опозицијата, да можат легитимно да побараат одредни прашања да се разгледуваат на Комитетот за односи меѓу заедниците.

Инаку, ќе бидеме соочени со една друга крајност за која што говорев претходно. Инаку, ако е една од причините малите етнички заедници да не можат да покренат прашање за свикување на Комитетот, навистина, тоа е многу лош аргумент, или лоша причина за изговор пред Собранието на Република Македонија. Навистина лоша причина заради тоа што СДСМ во секој  момент би поддржал било која од етничките заедници за да како пратеничка група побара да се разгледа одредено прашање кое што е од нивен интерес. И тоа не кореспондира со најавите на Владата и на нејзината политика дека ние сега во моментот најмногу ги штитиме најмалите етнички заедници во Република Македонија. Тоа би било така да, ама ако нудите и со конкретни аргументи. Не може само во дневно политички причини да се користи овој аргумент, а при носење на законски решенија да ги изоставаме ваквите законски решенија, или постојано да наоѓаме маневар како и на кој начин да ги исклучиме овие етнички заедници, што исто така реков, е поддржано од најголемата етничка заедница во Република Македонија, од Албанците.

Токму заради тоа мислам дека треба да најдеме сили и колегите пратеници да го поддржат овој амандман, се со цел, реков уште еднаш, да направиме одредба која што ќе е применлива одредба и што ќе придонесе за функционирање нормално на овој  Комитет, без притоа да се прејудицира исходот од гласањето за одредена тема во Комитетот.

Инаку, со постоечкото решение, апсолутно барате да го знаете резултатот пред да започне Комитетот како и на кој начин ќе се одлучи во него.  За тоа впрочем, не ви е потребен ни Комиетот. Ако мислите така, силата на мнозинството ја имате овде во Собранието, ќе можете тоа да го правите. Нема потреба да глумиме дека работиме нешто на Комитетот за односи меѓу заедниците, или тоа е телото што ќе придонесува за релаксирање на односите, за исполнувањето на потребите на малите етнички заедници во Република Македонија и тн. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Процедурално има госпоѓа Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Во име на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ барам 10 минути пауза за консултација.

**Љубиша Георгиевски:** 10 минути пауза по барање на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ.

(Пауза од 13,05 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,19 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, бидејќи продолжуваме со амандманската расправа.

Продолжуваме со расправата.

За процедурална интервенција се јави госпоѓа Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе,

Во име на парламентарното мнозинство сакам да кажам дека амандманот за кој дискутиравме, со кој се бара да се замени можноста на барање на 10 членови на Комитетот да се свикува Комитетот, сосема сме согласни дека претседателот на Комитетот свикува седница ако тоа го предложат најмалку 1/3 од членовите на Комитетот кои треба да доставаат материјал за

прашањето што предлагаат да се стави на дневен ред на седница. Значи апсолутно го прифаќаме амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Претпоставувам дека треба да го ставиме амандманот на гласање.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во меѓувреме, ако веќе е ваква ситуацијата, претпоставувам дека дискутантите што беа пријавени и што се овде на дисплејот, беа во одбрана на амандманот. Сега бидејќи не е потребна таква одбрана, ќе ги замолиме да се откажат од говор и ако се согласат ќе гласаме. Но, во секој случај ќе ни треба кворум. Службите нека си работат.

Додека чекаме кворум, можеме ли да се исконсултираме со пријавените дискутанти, дали би сакале да продолжат со дискусијата.

Госпоѓа Лалчевска.

**Ристана лалчевска:** Да.

**Љубиша Георгиевски:** Вие сте за дискусија госпоѓа Лалчевска, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Прво имам процедурална забелешка до вас. Вие немате право на пратениците кои се пријавиле за збор да им го одземате таквото право, а координаторот на пратеничката група може да си земе збор и да го каже ставот на пратеничката група. Така вика Деловникот и треба да се почитува.

**Љубиша Георгиевски:** Јас не го зедов правото. Јас реков да се договориме, предложив. Ни на крај на ум не ми паѓа да го земам зборот. Само предложив и објаснив, бидејќи претполагам дека се тие во корист на амандманот и бидејќи амандманот е прифатен од мнозинството, сметам дека се извесни. Но, тоа не значи дека одземам збор.

Повелете.

**Ристана Лалчевска:** Јас само на кратко ќе кажам дека ми е драго што мнозинството се одлучи да го прифати амандманот, бидејќи јас бев пријавена во одбрана на амандманот и со тоа да се елеминираат неколку апсурди кои ќе се појавеја доколку останеше таквото решение.

Првиот и основен апсурд ќе беше, бројот на членови од Комитетот кои ќе побараат да се расправа по одредено прашање, ќе биде многу повисок од бројот на членови на Комитетот кои ќе треба да гласаат за таквото решение. Тоа го зборувам бидејќи ваквото решение кое е предложено не е во согласност со членовите 10, точка 3 од Предлог законот и членот 11, точка 3 од Предлог законот, бидејќи таму јасно се зборува дека само во случај на спор околу бројот за гласање по одредени закони е потребно мнозинство од сите членови на Комитетот, а тоа е 10. За сите други прашања се одлучува со обично мнозинство односно со мнозинство од присутните во Комитетот. Така што тоа е една апсурдна ситуација, да побарате да се расправа за едно прашање со десет членови, а да одлучувате со седум членови. Тоа е еден од основните апсурди кој беше како аргумент со поддршка на амандманот.

Вториот апсурд е што и сега постои важечки Деловник за работа на Комитетот, кој е донесен во минатиот состав и членовите на Комитетот од минатиот состав кои некои се и членови во овој состав, многу добро знаат дека таму беше предвидено и сеуште тој е важечки, дека со 1/3 од членовите на Комитетот, согласно и Деловникот за работа на Собранието и на комисиите на Собранието, со 1/3 се бара од работното тело или од Комитетот, да се расправа по едно прашање.

Третиот апсурд е што доколку останеше таквото решение, да се дојде во ситуација пратеничка група од пет члена да може да побара, а можеби ниеден од тие членови да не е член на Комитетот, а членовите на Комитетот да не можат со седум членови да побараат да расправаат по едно прашање.

Мене ми е драго што се отвори дебата околу ова прашање, што најдовме разбирање и што мнозинството ќе го прифати овој амандман, да ги елиминираме апсурдите кои ќе се појавеја.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Кондарко имате збор.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван претседателе.

Ја поздравувам одлуката на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ која го промени првобитниот став да го прифати овој амандман на СДСМ. Меѓутоа останува чудна ситуацијата зошто и покрај тоа што политичката партија ВМРО-ДПМНЕ и пратеничката група го сменија ставот, што е добро, тоа не го направи министерот за правда, кој без да се предизвикуваат вакви недоразбирања, можеше веднаш да го реши прашањето со тоа што ќе го прифати амандманот затоа што на сите ни станува јасно дека ова решение во законот каде што десет од 19 членови, како што предложи министерот, да можат да побараат свикување на Комитетот за односи меѓу заедниците, во најблага мера е нелогично и неиздржано, затоа што основното правило во вакви ситуации. Основниот принцип е бројот за иницирање, значи барањето за свикување на седница не претставува ништо друго освен иницирање за расправа на Комитетот по одредено прашање, секогаш треба да биде помал од бројот на членовите во едно тело, кои донесуваат одлука. Во една ваква ситуација ако не се прифатеше, како што е најавено, овој наш амандман, ќе произлезе дека мнозинството 10 од 19, во секое време,не само што ќе може да свика седница туку веќе се подразбира дека и телото, значи Комитетот ќе одлучи онака како што побарале тие 10 души. Значи во секое време, оние што бараат имаат и теоретски донесена одлука. Затоа смислата и демократичноста на овој принцип е во тоа што се

дава право на оние кои не се во мнозинство да можат со свои иницијативи да покренуваат одредни прашања и да се актуализираат одредени проблеми од областа на правата на заедниците. Токму поради заедниците постои и оваа уставна категорија, Комитетот за односи меѓу заедници, а не постои поради власта, па власта бидејќи има постојано мнозинство, ем ќе си свикува ем ќе си одлучува како што сака. Затоа, доколку не го прифатевте овој амандман ќе сметавме дека се крие некоја политичка позадина за евентуално блокирање на свикувањето или работата на Комитетот, кога на власта тоа не и одговара. Меѓутоа, каква ќе биде одлуката секогаш ќе зависи од мнозинството. Не може никој, принципиелно да го ускратува правото нешто да се иницира и да се отвори како прашање за да се стави во функција овој Комитет и да се расправа во функција на правата на помалите етнички заедници кои пак од своја страна се малцинство во овој Комитет како орган. Инаку, од друга страна ќе беше навистина чудно, бидејќи во еден од претходните амандмани министерот коректно прифати Владата односно премиерот да не биде иницијатор со барање за свикување на Комитетот, а од друга страна во еден друг закон, пред некој ден кога разговаравме за Советот за евроинтеграции, таму пак имавме обратна ситуација, таму премиерот односно Владата одбиваше да биде член во Советот за евроинтеграции, што е апсурдно во однос на прифаќањето на претходниот амандман на министерот за правда кој се откажа од правото на Владата по нејзино барање да се свикуваат седниците на Комитетот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

**Блерим Беџети:** Благодарам господине Георгиевски.

Уште на почетокот ќе кажам дека овој предложен амандман ќе го поддржам. Мојата поддршка ја засновувам на неколку елементи кои според мене се значајни, со овој предлог предложен на овој начин, за Комитетот да биде пофункционален во своето работење.

Сите знаеме дека Комитетот за односи меѓу заедниците беше една од причините за политичките недоразбирања но и политичките спорења.

До денес на седниците на овој Комитет не сме учествувале, а што е уште полошо не не информирале нас како членови на овој Комитет, кога имало седници.

Со оваа формулација што е предвидена, ние се сомневаме дека парламентарното мнозинство сакаше да го инструментализира овој Комитет, како што предвидуваше со 10 члена да се свика седница. Добро е што на крајот, не од министерот, туку од координаторот на ВМРО-ДПМНЕ се прифати овој амандман.

Тоа треба да се прифати од неколку причини:

Прво, за да биде инкомпатибилен и со нормалното функционирање и на другите комисии каде членовите на комисиите со 1/3 од гласовите на таа Комисија имаат право да свикаат седница на соодветната комисија во која се членови.

Второ, вака им се овозможува на пратениците од помалите политички партии, доколку се разбира имаат членови во Комитетот, беше многу озборуван случајот дека некој е против помалите етнички заедници итн, кога во тоа време се посочуваше и нашата парламентарна група, дека наводно сме против помалите етнички заедници, како што ги нарекоа, да бидат присутни итн.

Со формулацијата со 1/3 да имаат право да свикаат седница на Комитетот, им се дава можност, можеби не гарантирана, но им се дава една можност и тие да најдат разбирање и поддршка од некој пратеник член на овој Комитет и за некое прашање за кое мислат дека има значење да се дебатира на тој Комитет иако претседателот на тој Комитет или мнозинството од членовите на тој Комитет можат да мислат поинаку дека нема потреба за тоа прашање да се расправа. На крајот на краиштата Комитетот е орган во рамките на Собранието на Република Македонија.

Во членот 63 од Деловникот за работа на Собранието каде се набројува како може да се свика седница на Собранието на Република Македонија, на крајот се вели дека најмалку 20 пратеници имаата право да свикаат пленарна седница на Собранието. Ако тоа го спородиш со проценти тоа е 1/6 од вкупниот број на пратеници во Собранието. Значи имаат право да свикаат било итна седница или друга седница. Уште еднаш се докажува нелогичноста на оваа верзија дека 10 члена од Комитетот за односи меѓу заедниците може да свикаат седница, а од друга страна со верзијата како што е предвидено, имаат право парламентарните групи, а имајќи предвид и знаејќи дека парламентарна група брои пет пратеници, значи имаат право да иницираат одржување на седница на Комитетот, а од друга страна се ограничува во еден оптимум од 10 пратеници.

Се надевам дека тоа што го кажа координаторот на ВМРО-ДПМНЕ ќе го поддржат и другите пратеници од ова актуелно мнозинство и предлагачот на Предлог законот има добра можност да се увери дека и овој закон не е идеален и секогаш има простор за измени, било да се мали или големи, кои ќе влијаат на подобар квалитет на актуелниот закон, но и за една подобра и повисока ефикасност на значењето на овој закон.

Уште еднаш кажувам дека ние ќе го поддржиме овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници, а пратениците да влезат во

салата и да си ги заземат своите места за гласање.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата затоа што ќе гласаме.

Ги молам службите уште еднаш да проверат колкав е бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратеници).

Ајде бидете љубезни од службите уште еднаш дајте точен број за да можеме да минеме на гласање.

(Службите ги пробројуваат пратениците).

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеника, гласале сите 63, за гласале сите 63, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот.

Според тоа, текстот од овој амандман станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 за бришење на алинеите 4 и 5, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Маневски, повелете господине министре.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине претседателе.

Со амандманот што е поднесен на членот 9 од Предлогот на законот се предлага алинеите 4 и 5 од членот 9 да се бришат.

Се наведува дека амандманот се предлага, бидејќи сметаме дека прашањата што се регулираат со алинеите 4 и 5 од овој член не би требало да бидат предмет на разгледување на Комитетот.

Еве што содржат алинеите 4 и 5 од членот 9.

Во алинејата 4 како надлежност на Комитетот се предвидува практично остварување на правото на употреба на јазикот и писмото на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија утврдено со Уставот и законите која алинеја се предлага со амандманот да се брише.

Втората алинеја 5 која исто така се предлага да се брише гласи: остварувањето на правото за настава на јазикот на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија во областа на образованието утврдено со Уставот и законот.

Јас мислам дека овој амандман не треба да биде усвоен заради тоа што ова се исклучително значајни прашања утврдени со Уставот и уставните амандмани и прашања кои произлегуваат од остварувањето на Рамковниот договор, а тоа се прашања за кои не би можела воопшто да стане збор дали треба или не треба да бидат предмет на надлежности на Комитетот за односи меѓу заедниците. Впрочем, овие прашања се дел од надлежноста содржани во одлуката за односите во Комитетот и мислам дека треба да се даде многу силно образложение од предлагачот на амандманот зошто смета дека овие алинеи треба да се бришат од членот 9 од Законот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Значи, Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Пред да ги образложам причините зошто го поднесовме овој амандман би сакала да изразам задоволство од прифатените два амандмани поднесени од СДСМ. Всушност, тоа е една порака дека опозицијата работи и ги следи законските прописи и е за подобрување на закони кои ги донесува ова Собрание.

Сега, зошто го поднесовме овој амандман со кој бараме да се бришат алинеите 4 и 5 од членот 9 став 1.

Согласно Уставот на Република Македонија, тоа е амандманот кој се однесува на Комитет за односи меѓу заедниците, тоа е амандманот 12 со кој се заменува членот 78. Со овој амандман е уредена надлежноста на Комитет за односи меѓу заедниците.

Согласно овој амандман став 1 алинеја 3 Комитетот разгледува прашања од односите меѓу заедниците во Република Македонија и дава мислење и предлози за нивно решавање.

Ние, подносителите на овој амандман, сметаме дека со овие алинеи практично се проширува надлежноста на Комитетот за односи меѓу заедниците од она што е дадено во Уставот и сметаме дека остварување на правото на настава и правото на употреба на јазик и писмо е материја која се регулира со Уставот и законите кои се однесуваат на оваа област.

Комитетот за односи меѓу заедниците не може да одлучува за правото, но може да ги разгледува прашањата кои произлегуваат од правото на употреба на јазик и писмо прашањата кои произлегуваат од правото на настава на јазикот на заедниците, но во никој случај Комитетот не може да одлучува за остварување на право за употреба на јазикот и писмото на заедниците, за остварување на право на настава на јазикот затоа што овие права, оваа материја е уставна и законска категорија односно се регулира со законите од одредената област. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Дали има реплики? (Нема)

Има збор госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

Сакам да укажам на неколку моменти кои треба да се имаат во предвид кога го разгледуваме овој амандман.

При основање на Комитетот за односи меѓу заедниците улогата на Комитетот е замислена и до сега функционирала на еден сосема друг начин.

Комитетот за односи меѓу заедниците е уставна категорија која, согласно Уставот, разгледува прашања од односите меѓу заедниците, меѓутоа, нема ингеренции согласно Уставот да го утврдува правото на одредена етничка заедница за одредени прашања. Правата на граѓаните се регулираат согласно Уставот и законите во Република Македонија. Комитетот за односи меѓу заедниците не може да има ингеренции за утврдување или ускратување на нечии права кои се веќе утврдени согласно Уставот и законите во Република Македонија.

Во изминатиот мандат во целата серија закони кои произлегуваат од Охридскиот Рамковен договор односно од уставните измени од 2001 година направени во 2001 година ние во низа законски решенија кои се однесуваа на образованието, културата и други сегменти кои се опфатени, меѓудругото, за правата на етничките заедници во Република Македонија го регулиравме и прашањето за употреба на јазикот и писмото.

Исто така, со Законот за основно и средно образование го регулиравме и начниот за изведување на настава на јазикот на заедниците во Република Македонија. Замислете што би се случило сега ако извесен состав на Комитетот за односи меѓу заедниците одлучи дека од икс причини треба да му се ускрати одредено право на некоја етничка заедница да не го користи јазикот и писмото на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Доколку дадеме ваква можност на Комитетот тоа може да се случи особено ако се случи да имаме едно партиски состав на Комитетот за односи меѓу заедниците заради тоа што го одбивте амандманот да има пропорционален распоред на пратеници на власта и опозицијата.

Значи, на Комитетот му се дава ингеренција која, прво, може лесно да биде злоупотребена, може да предизвика големи проблеми и уште повеќе ингеренција која воопшто не му припаѓа и затоа предлагам парламентарното мнозинство да размисли за овој амандман за да не се доведеме во непријатна ситуација.

Ќе повторам уште еднаш, остварување на правото на употреба на јазикот и писмото на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија и остварување на правото на настава на јазикот на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија во областа на образованието е утврдено со Уставот и законите во Република Македонија и тоа не е надлежност на Комитетот за односи меѓу заедниците.

Ако се случи, како што се случи на почетокот на мандатот, со составот на Комитетот да се манипулира со одредена етничка припадност се со цел одредена партиска гарнитура да има мнозинство во Комитетот за односи меѓу заедниците, ако таа партиска гарнитура во даден момент радикално го смени односот што им е загарантиран уставно и закониски на помалите етнички заедници во Република Македонија, може да се случи ваквите одредби кои му се доделуваат сега на Комитетот лесно да бидат злоупотребени и да предизвикаат дополнителни проблеми меѓу етничките заедници во Република Македонија.

Затоа апелирам на Комитетот да не му се даваат надлежности кои не му припаѓаат заради тоа што правата и обврските на граѓаните се регулирани со Уставот и никој нема право тоа да го узурпира ниту Комитет, ниту Собрание, ниту Влада на Република Македонија, ниту еден друг државен орган во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи имаме уште три минути до прекинот за ручек, господине Кондарко сакате сега да земете збор или после.

Тогаш повелете имате збор.

**Борис Кондарко:** Благодарам претседателе, ќе завршам за три минути, за некоја секунда верувам дека ќе ме толерирате.

**Љубиша Георгиевски:** Нема никаков проблем

**Борис Кондарко:** Значи, се работи за многу сериозен амандман на членот 9 со кој бараме да се бришат две алинеи 4 и 5. Многу сериозен затоа што се задира во уставното уредување односно функционирањето на политичкиот односно устввниот систем во Република Македонија и неговото почитување од страна на Владата овој пат.

Велам од страна на Владата затоа што министерот за правда многу добро знае дека ни едно тело, ни еден огран, не може да се стави над Уставот на Република Македонија односно доколку се сака да се видоизменат некои решенија се знае начинот на кој се менува Уставот на Република Македонија. Вака се остава впечаток дека на мала врата Владата сака всушност преку Комитетот за односи меѓу заедниците да си остави простор за евентуално манипулирање во врска со правата кои се однесуваат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија.

Ова го говорам затоа што овие прашања се веќе утврдени во Уставот на Република Македонија. Најголем доказ за тоа, почитуван министре ви е самиот текст на законот, самата содржина на членот 9 алинеите 4 и 5 кои на крајот на реченицата велат дека овие работи се веќе предвидени односно утврдени во Уставот на Република Македонија. Значи, штом е нешто утврдено, што дополнително вие сакате со закон не овластено да му дадете на некое тело што е под Собранието со својот статус да може да видоизменува уставни решенија. Се фаќате во една безизлезна ситуација, самите велите во законот дека се утврдени тие прашања, прашањата за употреба на јазикот и писмото значи прецизно утведени во уставните амандмани и прашањето на наставата на заедниците. Како сега вие го ставате Комитетот за односи меѓу заедниците над Собранието и над Уставот, во една неуставна постапка на обична

седница на Комитетот да си зазема мислења, ставови кои евентуално теоретски би можеле да бидат на штета на правата на заедниците, евентуално да ги смалат уставните права, зависи кој ќе го раководи тој Комитет, зависи кој ќе има мнозинство. Сега знаеме кој има мнозинство и затоа се плашиме дека оваа Влада сака на овој начин да манипулира.

Значи, нешто што е наведено во Уставот може да се смени само со измена на Уставот. Комитетот е да дава свои мислења и ставови, а не да го менува Уставот. Да ги доразработува односно да помага при имплементацијата на правата на заедниците кои се гарантирани со Устав.

Затоа министре знам дека вие тоа многу добро го знаете, не знам дали тука има покрупна политичка позадина, реков и на почетокот ова е многу сериозен амандман, барам да се произнесете, дополнително да дадете евентуално појаснување, инаку ова вака ќе помине, вие имате мнозинство, но не е добро, ќе се направи голем преседан ако дозволите вака да помине. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Објавувам прекин на седницата до 15,00 часот за ручек.

(Пауза од 14,02 часот)

(По паузата)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи продолжуваме со работа.

Продолжуваме со попладневниот дел од седницата.

За збор се јави господин Кенан Хасипи, повелете.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине претседателе.

Би сакал сосема накратко да се осврнам на овој амандман, бидејќи може да се стекне погрешен впечаток до колку бегло се фрли поглед на содржината на амандманот дека она што го утврдува член 9 од законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, не е во ред, посебно ставовите кои што се однесуваат на употребата на јазикот и писмото на заедниците и правото на настава на јазикот на заедниците.

Мислам дека дел од претходните дискутанти користеа, би се послужил со збор, погрешни термини. Тврдеа дека со овој предлог се утврдува, се одлучува или се става над Уставот, сите тие укажувања се погрешни од едноставна причина што до колку ја земете дикцијата на член 9, став 1 вели вака: “Комитетот разгледува прашања во врска со односите меѓу заедниците во Република Македонија, а особено” и реди “го следи обезбедувањето, разгледува начелни прашања, укажува на потребата за остварување на правото на употреба”. Значи, Комитетот разгледува прашања, не утврдува ништо, не одлучува за ништо. Орган кој што утврдува и одлучува е Собранието на Република Македонија и согласно уставниот амандман кој го регулира ова прашање, Комитетот за односи меѓу заедниците дава мислење, сугестии, свои видувања по кои одлучува Собранието на Република Македонија. Затоа, да не ги мешаме термините.

Втора работа нема ни една област во Република Македонија која не е регулирана со закон. Дали тоа значи дека ако е регулирана со закон Комитетот нема надлежност да раправа по одредени прашања кои се регулирани со тој закон. Тука се поставува прашањето, кажете која е таа област која што не е регулирана со закон, за да тоа влезе во наслежност на Комитетот за односи меѓу заедниците.

Трета работа дали регулирањето на една област со закон имплицира дека дословно се почитува словото на законот.Еве јас ќе наведам еден пример. Согласно Уставот на Република Македонија на припадниците на заедниците им е гарантирано право на основно образование на мајчин јазик. На дел од територијата на Република Македонија, Турците не можат да го остваруваат тоа право од многу причини. Според тоа, може да се постави прашање на Комитетот, кои се тие причини поради што не може да се ужива тоа право. Дали недоволен број на ученици, дали недоволен број на наставен кадар, немање на просторни услови и тн. Според тоа, покренување на вакви прашања на седница на Комитет за односи меѓу заедниците е сосема оправдана работа. Според тоа, ниту употребата на јазикот, ниту користењето мислам остварувањето на правото на настава на мајчин јазик не може да се исклучи од надлежностите на Комитетот само поради тоа што овие две работи се регулирани со закон.

И уште нешто, подолу има уште една одредба која што вика остварување на правото на изразување на идентитетот и особеностите. Ова е широк поим. Во идентитет спаѓа јазичниот идентитет, спаѓа верскиот идентитет, спаѓа културниот идентитет, спаѓа образовниот идентитет. Според тоа, сите овие сфери се оние што можат да се разгледуваат како прашања на седница на Комитетот за односи меѓу заедниците, да излезе со свое мислење и по тоа мислење да се изјасни Собранието на Република Македонија. Тоа не значи дека со ова се става над законот или над Уставот. Сите овие прашања би се разгледувале во рамките на она што е регулирано со закон и регулирано со Устав.

И уште еден пример ќе ви наведам. Ние во претходниот мандат разгледувавме, имавме програма по која требаше да работи Комитетот за односи меѓу заедниците. Во дел од тоа беше и имплементација на правото на правична и соодветна застапеност, која што за жал не можевме да го разгледаме на седница на Комитетот, бидејќи надлежните институции не доставија соодветен материјал. А, ова е во надлежност на Секретаријатот на Владата на Република Македонија. Меѓутоа, Комитетот има право да ја следи динамиката на имплементацијата на тој принцип, кој што пак е уставно решение. Стои во Уставот амандман

дека треба да се применува принципот на правична и соодветна застапеност. Меѓутоа, ако девијантно се спроведува тој принцип, немаме ли право да го разгледаме на Комитетот? Имаме. Според тоа, до колку некое прашање е регулирано со Уставот или со закон, не значи дека со тоа се затвора просторот тие прашања да се разгледуваат и на седниците на Комитетот за односи меѓу заедниците. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Претседателе, мене многу ми е жал што во моментов нема ниту еден пратеник присутен во салата од ВМРО-ДПМНЕ, а јас мислам дека денес расправаме за еден многу сериозен закон, кој што всушност произлегува од т.н. мајски договор постигнат помеѓу лидерот на ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ.

Станав да земам повторно збор по овој амандман, бидејќи ги следев со внимание сите дискусии и сакам да појаснам зошто го поднесовме овој амандман. Овој амандман го поднесовме затоа што не се најсреќно срочени решенијата од членот 9 став 1, точка 4 и 5. Можеби и ние не требало да бараме бришење на овие ставови, туку требало да ги доразработиме овие две алинеи, но знаете како и во кој теснец сме и како сме притиснати кога пишуваме амандмани.

Но, самиот амандман поднесен значи дека нешто не е добро во предложеното решение, тогаш требало предлагачот да види што не е добро. Сега кога би го пишувала овој амандман, амандманот би гласел, зборовите на алинеите 4 и 5 "остварувањето", да се заменат со "разгледува прашања од областа на правото на употреба на јазикот...". И, алинеја 5 "разгледува прашања од областа на правото на настава на јазикот на заедниците". Значи, што е суштината на поднесениот амандман. Суштината на поднесениот амандман е дека вака како што е срочено не е во ред решението. Дека остварувањето на правото се уредува со Устав и со закон, а не спаѓа во надлежност на Комитетот за односи меѓу заедниците, што не значи дека Комитетот не треба да расправа за овие прашања, но не и за остварување на правото, затоа што тоа право се гарантира со повисоките правни акти во државата.

Јас мислам дека сум доволно разбрана и мислам дека навистина е во ред нашата забелешка, но сметам дека до колку предлагачот прифати, би требало преформулација на овие две алинеи, со цел навистина да се уреди прашањето околу надлежноста на овој Комитет онака како што го уредува прашањето од оваа област Уставот и сега овој закон како лекспецијалис за Комитетот. Благодарам.

И повторно би сакала да и кажам на јавноста дека навистина ниту еден пратеник од ВМРО-ДПМНЕ не е во салата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Не прекинувам со седницата, бидејќи сега ми јавија дека доаѓаат, а и немаме причина да прекинеме.

Повелете господине Положани.

**Азис Положани:** Господине претседателе, формално немате причина да ја прекинете седницата, но бидејќи сме во фаза на расправа на амандмани, а кога Владата не ги прифаќа амандманите, идејата е преку дебата да се обратиме до пратениците, кои би требало да бидат повеќе, за да тие со убедување, со аргументи и контра аргументи да го прифатат или не да го прифатат амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа го почитувам, но побарајте 10 минути пауза.

**Азис Положани:** Мислам дека тоа е логично.

**Љубиша Георгиевски:** Ако побарате пауза, ќе ја дадам.

**Азис Положани:** Јас не барам пауза, затоа што мислам дека вие треба да создавате услови за размена на размислувања во склоп на дебата на амандмани. Не е ова општа дебата, затоа што не би имало смисла обраќањето, кому.

**Љубиша Георгиевски:** На тоа немам формално право, а вие, еве сега велам 10 минути, за да удоволам на вашата интервенција, која ја сметам за многу разумна.

Еве, 10 минути прекин.

(По паузата седницата продолжи во 15,20 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата, зашто продолжуваме со седницата.

Продолжуваме со попладневниот дел од седницата.

Има збор господинот Макрадули, повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседател, моето обраќање е повеќе процедурално и прашувам, бидејки очигледно ќе остане во сила остварувањето на правото на употреба на јазикот како прашање кое ќе се разгледува од Комитетот, што е една од алинеите што стои во овој член 9, "како и разгледува прашања за правото на наставата на јазикот", согласно Амандманот 10 за закони кои директно ги засегаат културата и употребата на јазиците, би сакал да ве прашам законот што е денес на дневен ред дали го донесуваме со Бадинтерово мнозинство или не, бидејќи оваа определба директно ми асоцира дека има употреба на јазикот како уставна категорија дефинирана во Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** По сценарио ние немаме предвидено, стои обично мнозинство. Објаснувањето на службите е дека ова е нов закон, треба да се види како ќе биде. Се работи за уште неусвоен закон. Повелете.

**Јани Макрадули:** Претседателе, вие на почеток кога го читате сценариото кажувате законот како се носи.

**Љубиша Георгиевски:** Да.

**Јани Макрадули:** Ако во сценариото вие сте прочитале дека не би требало да се носи со Бадинтерово мнозинство, отворам дилема во овој момент, бидејки очигледно членот 9 асоцира на употреба на јазикот, иста конструкција што иамме во Амандманот 10 од Уставот на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Во ова сценарио немаше ни да ни не во таа смисла, што значи не.

**Јани Макрадули:** Мислам дека во овој момент имаме хендикеп или проблем, мислам дека законот треба да се донесе со Бадинтеровите гласови овде во Собранието. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Да, тоа може и да се дискутира, исто како и се главно, но јас сега предлагам да одиме со оваа расправа која е најавена амандман по амандман. Рано е уште за одлучување.

Повелете господине Положани.

**Азис Положани:** Прифаќам дека е пропуст или можеби недостаток на одредена практика, но мислам дека објаснувањето дека овој закон треба да оди без Бадинтер, за каков Бадинтер може Комитетот да одлучи или ние да се договориме како е според Уставот, но мислам дека беспредметно е да се дискутира потребата од донесувањето на законот со Бадинтерово мнозинство, затоа што уредува материја која што очигледно не само што тангира меѓуетнички, јазични, културни и други аспекти во себе, туку е и директна операционализација на Уставот, Амандманот 10 од Уставот кој е донесен исто така со еден таков тип на гласање, така што ако има потреба од некое усогласување, јас молам за такво, ако не, тогаш процедурално ќе треба да заседава Комитетот за да одлучи по ова прашање како што е предвиденоспоред Деловник и молам таа работа да се објасни, за да не дојдеме непотребно до одредена ситуација каде што и по тој основ после непотребно да отвориме дебата.

**Љубиша Георгиевски:** Што се однесува до мене, јас сега постапувам стриктно според сценариото, но имам право да се консултирам со Комисијата за деловнички прашања, тука е министерот ќе се исконсултираме, ќе видиме како ќе биде. Сигурно дека нема да одиме со тоа ексабрукто, сигурно нема да одиме изненада, сигурно нема да одиме без сите да го кажат својот став. Имам предвид цела една демократска процедура, во која вие во секој момент ќе можете да интервенирате, сега за сега. Со готово решение сега навистина не можам д аизлезам.

Сега ако го шириме ова уште, дополнително добив едно објаснување дека објаснувањето на ова е порано да заседава Комитетот за односи меѓу заедниците, но бидејќи сега е закон за Комитетот, тука ситуацијата е доста комплицирана, треба експертски став да имаме за тоа.

Повелете господине Положани.

**Азис Положани:** Се во функција на избегнување дополнителни компликации и непотребни дебати, процедурално кога за одреден закон за кој што има различно и друго мислење, тогаш автоматски претседателот на Собранието бара заседание на Комитетот за да ја отстрани дилемата. Консултациите, службите и се друго е во функција на изнаоѓање можеби поелегантен и адекватен излез за да не лутаме. Инаку процедурално во моментот ког анастанува спор или не е јасно, тогаш веднаш се повикува Комитетот и од таа гледна точка деловнички таа работа е уредена.

Јас мислам дека пологично и понормално е сите ние да сватиме дека овој закон треба да се донесува со Бадинтерово мнозинство затоа што тангира повеќе од еден сегмент на тие нешта за кои Бадинтер на некој начин е воведен. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Сигурно е така, ние имаме извесни преседани кои се и пријатни и непријатни во однос на првиот дел на вашето тврдење, сигурно е добро да направиме и една координација во врска со тоа, да не говориме вака на пленарна седница. Да имаме една координација во врска со тоа, кога ќе ја закажеме ќе видиме на крајот кога ќе завршиме со седницата. Сигурно е добро на коордианција да биде се усогласено, овде да оди се глатко, нема потреба од драми правење.

Второ, сега пак предлагам да одиме по овие амандмани како што одевме, за да евентуално ги привршиме амандманите или да дојдеме до некое дереџе до 18,00 часот, а на крајот ќе се договориме за термин за координација. Ако сакате, понеделнички имаме доста големо време, понеделнички ќе ни почне седницата во 13,00 часот. Една координација јас планирав по други прашања, по прашањата на самата седница во 12,00, а по ова прашање можеме да закажеме понеделнички во 11,00 часот. Повелете процедурално господине Кенан Хасипи.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине претседателе,

Процедурално интервенирав до колку и ви верувам дека со најдобра намера ќе обезбедите координација за да се реши ова прашање. Меѓутоа, би сакал на координацијата да бидат присутни и претставниците на помалите етнички заедници, бидејќи се работи за Комитето во кој што тие активно партиципираат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Апсолутно јас сум поборник во принцип да бидат дури секогаш присутни, а овој пат особено ни еден да не изостане, посебно ќе бидете известени. Зашто, после се раѓаат други процедурални проблеми, си стои на зборот, па не си стои на зборот и т.н.

Дали има уште некој да се јави процедурално?

Повелете господине Блерим Беџети.

**Блерим Беџети:** Според Деловникот на Собранието на коордианција не се одлучува дали еден закон ќе помине со Бадинтер или не.

Координацијата може да биде само изразување на добра волја, но мислам дека вие имате обврска да го почитувате Деловникот и да делувате онака како што е предвидено со него, со оглед дека веќе се отвори ова прашање. Во Деловникот јасно се предвидува дека вие треба да се изјасните, нормално ќе ги косултирате вашите служби, а не министерот или некој друг и до колку има нејаснотии, тогаш тука на таксативен начин се кажува дека Комитетот одлучува. Ве молам, ова треба да биде патот на одлучување, а времето тоа е друго прашање, дали сега, подоцна или како тоа ќе биде. Но, би ве замолил да се почитува Деловникот, затоа што во спротивно може да се направи преседан, еднаш Деловникот ќе биде како што им одговара на сите, но може да се случи да има координација каде што сите нема да се искоординираат, нема да се согласат и на некое неформално место да има прегласување и да се даваат коментари во врска со Деловникот и со процедурите кои што се предвидени во Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Веднаш да ви кажам координацијата ни деловнички, ни на било кој друг начин не е место за одлучување. Но, координацијата е драгоцено место, таа е место за дијалог. Наместо овде да го водиме дијалогот околу процедурата, подобро е таму да го водиме. Инаку, таа нема моќ да одлучи по овие прашања. По овие прашања одлучува Комитетот. Кога ќе завршиме со амандманите, јас ќе упатам до Комитетот барање да се произнесе по овој проблем. Но, тоа не ја исклучува и координацијата, никогаш не е доста да се договараме, никогаш не е доста да имаме дијалог.

Благодарам на вниманието.

Повелете господине Блерим Беџети имате една минута.

**Блерим Беџети:** Намерата ми беше, бидејќи имаме лоши примери од коордианциите и за такви битни работи да не се одлучува, дури да не се дебатира во координации, туку стриктно по Деловникот на Собранието. Таа ми беше намерата.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, јас ве разбирам, координацијата не мора нужно да биде алтернатива на Деловник. Но, коордианцијата е потребна во вакви осетливи ситуации меѓу другото и за тоа што треба да дојдат и некои претставници на некои партии кои обично не се на коордианцијата во смисла на предлогот на господинот Хасипи, а кои се засегнати со законот кој го носиме. За тоа ќе се договориме, во крајна линија секоја партија има право едноставно да отуствува од координација и со тоа да се изземе од било каков договор постигнат на координацијата. Тоа не е нешто тешко. Едноставно, ако некоја партија смета дека не треба коордианција, не доаѓа на коордианција и со тоа не се обврзува на тоа што се говорело на коордианцијата. Од тоа да не правиме проблем, затоа што тој институт ако го дерогираме уште тој институт да нема коордианција, тогаш ќе бидеме во тешка ситуација. Благодарам господине Беџети.

Повелете госпоѓо Иванова.

**Цветанка Иванова:** Господине претседателе.

Во дебатата по овој амандман се обидовме да укажеме на несреќната формулација на овие два става од членот 9, меѓутоа не се разбравме и бидејќи нашиот амандман е за бришење на овие две алинеи, со цел да не направиме некоја поголема штета, а имајќи предвид дека навистина се надвор од уставните надлежности на Комитетот, овој амандман го повлекуваме во интерес на побрза работа на Парламентот денес и донесување на законот за Комитетот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Добро, амандманот е повлечен.

Сега, ќе установиме кој е точен амандман и тука не може да се згреши. Следниот амандман е 9 и за тоа е оваа забуна.

Отворма претрес по амандманот на член 9 за додваање нова алинеја 7 по алинејата 6, поднесен од пратениците Кенан Хасипи и Хади Незири. Ова е точниот амандман.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Маневски.

Повелете господине министре.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине претседателе.

Владата го прифаќа овој амандман, бидејќи практично тоа е содржината на амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа овој амандман.

Според тоа, текстот на овој амандман станува составен дел на текстот од законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 13 поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Маневски.

Повелете господине министре.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине претседателе.

Владата го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа и овој амандман, што значи дека текстот на овој амандман станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 14 за менување на став 1, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Маневски.

Повелете господине министре.

**Михајло Маневски:** Господине претседателе, овој амандман Владата не го прифаќа, со оглед на тоа дека во одредбите на законот е искажан денот на влегувањето во сила на овој закон за Комитетот кој е избран,продолжува со работа до избор на нов Комитет, согласносо закон. Во членот 5 од законот е кажано кога се избира Комитетот, заправо членот 2, Комитетот го основа Собранието на Република Македонија во рок од 60 дена од денот на конституирањето на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

За збор се јави господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Во амандманот што го предлагаат моите колеги Цветанка Иванова и Оливер Спасовски се бара постојниот Комитет кој што е извор, практично, формирањето на овој Комитет е извор на кризата во Парламентот кој навлезе уште во август, после овој закон во рок од 60 дена да се случи рекомпонирањето на Комитетот во она што секојдневно го слушаме дека господинот Груевски тврди дека го договорил со господинот Ахмети.Значи, како последица на мајскиот договор или договорот од 29 мај се е исто кое име ќе му дадеме на договорот меѓу Груевски и Ахмети, постојано во јавноста го слушаме премиерот Груевски како тврди дека тој се договорил со Ахмети за рекомпонирање на Комитетот. За жал, заложбата на премиерот што ја слушаме во јавноста, министерот за правда не ја транспонирал во законско решение и согласно со ова законско решение што го имаме во овој момент Комитет нов нема да има. Затоа, предлагаме амандман во кој што бараме, она што го тврди премиерот Груевски, и да се случи. Бидејќи, не знаеме какво решение договориле господинот Груевски и господинот Ахмети, мислам дека 60 дена се едно разумно време што го понудиле предлагачите Иванова и Спасовски, за да можеме тоа решение да го чуеме од договорните страни.

Инаку, до колку овој амандман не се прифати, ќе остане фактот дека министерот за правда не ја спровел заложбата на премиерот Груевски што ја слушаме неколку месеци, вклучувајќи и овде на собраниска седница, вклучувајќи ја и изјавата што ја даде во неделата за трите точки што се договорени со господинот Ахмети.

Затоа, очекувам парламентарното мнозинство кое повеќе се грижи за рејтингот на премиерот, отколку за сопствениот рејтинг да го прифати овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Дали има реплика?

Господин Трајко Вељановски има реплика, вашите три минути.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам претседателе.

Колегата Јани Макрадули сакаше да внесе една нејаснотија, но многу е јасно од членот 14, а пред да се дискутира за членот 14 треба да се води сметка за членот 5.

За да може да се примени овој закон на овој парламентарен состав треба да биде исполнет господине Макрадули членот 5. При поднесувањето на листа на кандидати за пратеници кандидатот за пратеник доставува до Државната изборна комисија изјава за припадност на определена заедница. Ни вие, ни јас, ни другите пратеници до Државната изборна комисија нема доставено таков документ за да може да биде применет членот 5.

Инаку, во однос на она што вие го спомнувате за рекомпонирање, тоа беше и ваше барање, од вашата политичка партија да одрази добар состав на Комитетот од страна на пратениците од редот на Македонците ќе треба да има еден од ваша страна плус отколку што сега припаѓа во Комитетот.

Инаку, ии тогаш ви укажувавме дека согласно бројчената ситуација на парламентарците од мнозинството и опозицијата од редот на Македонците вас ви припаѓаат двајца, а од парламентарното мнозинство пет, затоа што се такви силите во овој парламентарен состав.

За изразување на добра волја е договорено да има реконпонирање во таа смисла господине Макрадули и еден наш член веќе најави своја оставка откако ќе биде решено ова прашање, посебно членот од Деловникот кој што вие го блокирате, но доаѓа со Законот за комитетот и ова прашање, потоа еден член од редовите на Парламентарното мнозинство ќе поднесе оставка за да од редот на опозиционите партии бидат застапени според нивното барање, кое што го издигнаа на ниво на проблеми.

За тоа пред нешто да се побара амандмански треба да се гледа во целина целиот закон, како што кажа и самиот министер, треба да биде исполнет условот од членот 5, за да може овој парламентарен состав да се примени целосно законот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господинот Макрадули има контра реплика, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Јас сеуште ќе чекам премиерот Груевски да го каже ова што Трајко Вељаноски го кажа сега, што е договорено во однос на рекомпонирањето на Комитетот. СДСМ од почеток не го променил ставот. Комитетот за жал е точка на раздорот, затоа што еден пратеник од ВМРО ДПМНЕ во јуни месец беше Македонка, а во август се почувствува како Влаинка. Тоа го знае цел Брисел, го знае цело НАТО, но министерот се повика на член 2 каде што кажува дека Комитетот од овој закон ќе се формира во рок од 60 дена од изгласувањето во Собранието, што мене ми дава права да отворам дилема дали заложбата на господинот Груевски планира министерот за

правда да ја преточи во закон и парламентарното мнозинство да изгласа, а што договорот Ахмети, тоа очекувам господинот Груевски да го каже од говорница. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Цветанка Иванова имате збор.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Значи, не е случајно поднесен овој амандман и тоа што министерот се повикува на член 5 мене ми е сосема познато, затоа што во Уставот постои одредба во амандманот 12 каде што се вели дека Собранието оснива Комитет.

Тука е даден само рокот во кој што е должно Собранието да го формира Комитетот при верификацијата на мандат на парламентарниот состав.

Меѓутоа, од она што во медиумите слушав, од целокупниот овој закон, од целта заради која што се предлага донесување на ваков закон јас сфатив и мојот колега Оливер Спасовски дека овој закон не е само за оснивање на Комитетот за односи меѓу заедниците, затоа што тој си е основан и постои. За начинот и условите и постапката за избор на член на Комитетот за односите меѓу заедниците за надлежноста, туку јас мислев, а секако и сите мои колеги пратеници, а и јавноста од медиумите дека практично со овој закон се сака да се рекомпонира, редизајнира сегашниот Комитет за односи меѓу заедниците.

Навистина ова е новина за мене кога министерот вели дека овој Комитет ќе продолжи и понатаму да работи, а цело време во медиумите и во изјавите кажувавте дека Комитетот за односи меѓу заедниците ќе се редизајнира, ќе се рекомпонира со донесување на нов закон за Комитетот.

Затоа ние од оправдани причини предложивме во рок од 60 дена од стапувањето во сила на овој закон да се избере нов Комитет за односи меѓу заедниците, затоа што овој Комитет е извор на несогласување и практично овој Комитет поттикна донесување на еден ваков закон. Јас мислам дека ништо не сме постигнале ако го донесеме законот, а си остане стариот комитет за односи меѓу заедниците.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Борис Кондарко имате збор.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван претседателе.

Овој амандман во кој предвидуваме наместо ставот 1 од член 14 кој вели дека со денот на влегувањето на сила овој закон Комитетот избран пред денот на влегувањето на сила на овој закон продолжува со работа до избор на Комитетот согласно овој закон.

Значи, наспроти оваа преодна одредба од член 14 став 1, ние со амандманот предлагаме тој рок да биде определен односно да постои прецизен рок во кој ќе се конституира Комитетот согласно овој закон.

За жал на Владата не и одговара такво нешто и си остава бланко простор, слободен простор, практично во превод оваа одредба од Законот која ја нуди во преодната одредба значи во недоглед. Значи, никогаш теоретски да не се формира нов Комитет согласно новиот закон кој се носи, затоа што се дава простор да се продолжи со работа на постојниот Комитет до изборот на нов. Што значи тоа, никој не знае. Веројатно тоа ќе го дознае, или ќе го знае самата Влада кога тоа нејзе ќе и одговара, меѓутоа овој закон не се носи за тоа да и одговара на Владата, туку да и одговара на државата Република Македонија, за да имаме институција уставна која со полн капацитет и легитимитет ќе профункционира, а не како сега што имаме состојба, фалсификувана состојба од страна на Владата која ја направи после парламентарните избори 2006 година.

Кога еден пратеник на владеачкото мнозинство ја смени изјавата при верификацијата на мандат за националната припадност. Значи, ако не го прифатите овој амандман дека Комитетот треба да профункционира за 60 дена, кажете вие некој друг посоодветен рок, можеби пократок, можеби подолг, ако објективно ни образложите причини зошто треба повеќе време. Меѓутоа да има рок, да има обврска, да има сигурност, да има гаранција дека намерите се искрени за профункционирање и да се формира овој Комитет.

Во спротивно ако вака го одложувате ад акта, а кажувате пред НАТО, пред Брисел, пред Европа дека носите закон, дека ги регулирате овие прашања кои ви се на листата на забелешките не сте на правиле ништо со обично штиклирање на бројка на донесен закон кога во суштина овој закон како реформа не може да се спроведе и да профункционира, затоа што Владата ќе си наоѓа Алиби во преодната одредба која самата таа така си ја определила дека понатаму, или на неопределено врем ќе продолжи да функционира постојниот Комитет додека не се избере нов, а кога ќе се ибере нов - кога ќе сака Владата. На Владата може никогаш да не и текне, или никогаш да не сака и да продолжи пак со манипулации со постојниот Комитет и така ќе се вртиме во круг, а забелешките на Брисел нема да ги отстраниме и нема да ги решиме во интерес на Република Македонија, а не во интерес на ВМРО ДПМНЕ.

И ако остане ова така тогаш дозволете, но отворено ќе ви кажам и ќе се посомневам дека единствената причина поради која го носите овој закон е токму наредниот став, преодната одредба од член 14 кој вели дека при изборот на Комитетот од став 1 на овој член за утврдување на припадноста на пратеникот на определена заедница се зема во предвид неговата изјава за припадност на одредена заедница дадена при верификација на мандатот за пратеник.

Значи со ова единствено сакате да го озаконите фалсивикатот што го направивте 2006 година кога вашата партија му ја сменивте припадноста на еден ваш пратеник за да ја земе превласта и доминацијата бројчена во овој Комитет, а така и власта преку ова тело да диктира своја партиска, а не политика во интерес на државата односно во интерес на заедниците во Република Македонија за чија цел и се основа, Уставот предвидел и основање на еден ваков Комитет.

Значи, ако сте искрени тогаш во оваа преодна одредба немаше воопшто да постои дека изјавата за припадност ќе важи при давање на верификација на мандатот, туку ќе ја применевте основната одредба од вашиот предлог, од ставот 5, што е исправно, и така се постапило во 2006 година дека изјавата за припадност се дава до Државната изборна комисија при поднесување на кандидатските листи.

Токму тоа што го фалсификувавте при верификацијата на мандатот и што го сменивте сега сакате да најдете правно, законско решение кое самите си го измисливте за да ви стане легално. Затоа вас не ви одговара формирање во определен рок и определување, прифаќање на амандманот кога да се формира новиот Комитет според новите принципи, според новиот статут, туку вие само да си ја примените преодната одредба и да го легализирате фалсификатот.

Затоа уште еднаш ви повторувам дека не сте искрени при поднесувањето на овој закон и дека Република Македонија со вакво бланкетно прикажување на реформи и носење на закони само како квантитет, а не како реални решенија кои треба да се применат и да дадат резултати и примени вие само или ги носите како алиби пред Европа да ви се бројат и да се прикажувате Владата и премиерот како многу работливи, како многу успешни, или ги носите со некои ваши скриени решенија меѓу редови, доведувајќи ја јавноста во заблуда за ваши партиски потреби односно во конкретниот случај да легализирате нешто што на нелегален начин го направивте во Комитетот за односи меѓу заедниците. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, денеска дебатираме за оваа точка на дневен ред заради тоа што меѓу другото целата меѓународна јавноста сугерира на Владата дека треба да се фокусира на договорите што ги направила, меѓутоа, имајќи го во предвид начинот на кој што се однесува Владата и премиерот Груевски во изминатиот период од година ипол, како е на власт, период во кој што наместо да гради доверба меѓу политичките партии и субјекти во Република Македонија упорно играше на картата на градење на недоверба, со различни изјави и постапки од различен карактер придонесе да има голем степен на недоверба помеѓу политичките партии и тоа што е уште поинтересно не му успеа да го направи тоа само со партиите од опозицијата, туку и со партиите од владеачката коалиција.

Бевме сведоци на тоа дека прво имаше тврдења дека не постои мајскиот договор со господинот Ахмети, ДУИ, па потоа дека постои, па потоа дека повторно не постои и наеднаш мајскиот договор не стана еден од критериумите за почеток на преговорите на Република Македонија со Европската унија, како и за стекнување на членство во НАТО. Исто како и претходно Груевски се однесуваше кога го покани ДУИ да разговара за ДУИ да биде дел од власта, а потоа се предомисли и на некој начин предизвика одредени турбуленции на политичката сцена, исто како што во меѓу време еден пратеник од македонска националност наеднаш премина во власт и со тоа го предизвика проблемот за односи меѓу заедниците, заради што меѓу другото денес и го разгледуваме овој закон. Благодарение на така стекнатата недоверба и така градената недоверба помеѓу политичките партии која што меѓу другото се одрази и при еден од последните примери кога беше направен договор за формирање на советот на јавни обвинители, а потоа истиот тој договор беше прекршен од премиерот Груевски, нормално е да се очекува дека политичките партии ќе се обидат преку предлагање на одредени механизми за начинот кој што ќе се имплементираат законите за да можат да бидат сигурни дека дел од обврските кои што оваа Влада ги преземала, а кои што се дел од обврските на Република Македонија за да може да ги почне преговорите со Европската унија и за да може да стане членка на НАТО треба да ги направи.

Значи, ние не би сакале да се доведеме во ситуација после изјаснувањето по овој закон да нема точно прецизиран рок во кој што Парламентот ќе има обврска да се формира нов Комитет меѓу заедниците, заради тоа што и во извештајот на Европската комисија, меѓу другото една од сугестиите е дека законите треба да се имплементираат и да содржат решенија кои што обврзуваат на имплементација и кои што при нивното имплементирање практично реално ќе се реализираат и ќе имаат влијание во секојдневниот живот на граѓаните.

Доколку ние немаме конкретен рок во кој што треба да се формира новиот комитет тогаш реално не постои начин, кој што во една смисла ќе биде притисок, така да кажам, на Парламентарното мнозинство да го диктира темпото за формирање на нов Комитет за односи меѓу заедниите и на тој начин парламентарното мнозинство да ја поправи грешката што ја направи на почетокот на мандатот и заради која што како последица денеска ни се појавува овој закон за Комитетот за односи меѓу заедниците, кој што воопшто не е обврска ниту од Охридскиот рамковен договор, туку напротив обврска од мајскиот договор на Груевски - Ахмети, заради несериозноста на Груевски и неговата неспособност да ги менаџира политичките процеси во Република Македонија, со што

предизвика со своите постапки блокада на политичкиот дијалог и на нормалната релација помеѓу политичките партии од власта и опозицијата.

Мислам дека парламентарното мнозинство треба да го прифати овој амандман заради тоа што на тој начин ќе покаже дека е заинтересиран а сите оние критериуми кои што се набележани во извештајот од Европската комисија, во кој што меѓу другите спаѓа овој закон и други обврски од мајскиот договор, кои што на нас сеуште ни се непознати бидејќи Груевски упорно го крие мајскиот договор и не сака да собере храброст и да излезе пред јавноста да каже дека седнал со господинот Али Ахмети и дека се договорил за овие точки.

Тоа го дознавме од меѓународната јавност која се произнесе и ги стави тие точки како дел од критериумите за членство во НАТО и за почеток на преговорите со Европската унија. Ако парламентарното мнозинство е навистина искрено во намерите дека Македонија, колку е можно побрзо да ги исполни сите обврски кои ги има за да добие покана за членство во НАТО во април наредната година и да почне преговори со Европската унија, тогаш ќе се залагам за построги рокови за имплементација на законите меѓу другото и за имплементација на овој закон и за формирање нов Комитет за односи меѓу заедниците, согласно овие законски решенија кои денеска, се надевам, дека ќе бидат изгласани.

Уште повеќе што јас не разбрав од министерот дека постојат сериозни причини и сериозни аргументи зошто за Владата практично е неприфатлив амандманот кој ќе му дава на Собранието рок со кој ќе го обврзе да го формира новиот комитет. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе, колеги пратеници, почитуван министер.

И ова е еден од амандманите, како што говорев и за претходниот, кој навистина е во функција на подобрување на квалитетот на овој закон уважувајќи ги причините кои се искажани за донесување на Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците без разлика што е последица на било каков политички договор. Меѓутоа, ако еден од условите навистина да го подобриме политичкиот дијалог во Република Македонија, добро е што од аспект на еден политички договор веќе почнуваме да разрешување одредени прашања во Собранието на Република Македонија. Дали сака некој да признае дека е тоа договор или не, меѓутоа, факт е дека денеска расправаме за точка на дневен ред како последица на таквиот мајски договор помеѓу Груевски и Ахмети.

Основната причина која се наведува или која сите ние ја констатиравме при изборот на Комитетот за односи меѓу заедниците за што настапија жестоки реакции од поедини политички партии во Собранието на Република Македонија пред се од партиите во опозиција е токму дека правото на учество во овој Комитет кој досега или во претходниот мандат беше употребено се со цел да се релаксираат односите помеѓу етничките заедници во Република Македонија да се надгледуваат правата кои се остваруваат во смисла на Уставот на Република Македонија кој е преточен од Рамковниот договор кој беше потпишан во Македонија. Сметам дека направивме исчекор на злоупотреба на членувањето во Комитетот за односи меѓу заедниците и на тој начин придонесовме да се создаде една тензична ситуација во Собранието и како последица на тоа дојде да се донесе Закон за Комитетот за односи меѓу заедниците со кој ќе ги уредиме ваквите односи се со цел да нема злоупотреба на членувањето во овој Комитет или злоупотреба на уставните одредби кои се во моментот заради тоа што чинам имаше потреба. Се воспостави пракса дека секоја гарнитура која ќе дојде на власт, зависно од потребите на остварување на Бадентеровото мнозинство ќе може дадените евидентни листови во кои ќе ја искажеме нашата национална припадност под одредени притисоци да се повлечат во службите, па утредента да дадеме некои нови и на тој начин да го креираме мнозинството во Комитетот за односи меѓу заедниците при изгласување токму на вакви значајни одлуки за македонското општество во кое, пред се, доминираат теми од меѓуетнички карактер.

Кога веќе се донесе овој закон со одредени усогласувања или прифаќање на одредени амандмани кои би значеле подобрување на овој текст и на применливоста, мислам дека е една од клучните работи да се даде рок во кој ќе се формира новиот Комитет за односи меѓу заедниците заради тоа што, како еден од условите за разговор и мајскиот договор беше дека треба да се рекомпонира Комитетот за односи меѓу заедниците, еден од нашите колеги даде оставка од тој Комитет и оттука произлегува причината дека мораме да имаме рекомпонирање на составот на Комитетот за односи меѓу заедниците. Ова е една добра прилика по стапувањето на сила на овој закон тоа да го направиме, меѓутоа, не знам зошто е направен или пропуст, или е некаква намера, во овој мандатен период да не се чепка во Комитетот за односи меѓу заедниците и заради тоа не е даден одреден рок на кој што ќе се формира. Токму од тоа сметавме јас и колешката Цветанка Иванова, мора да имаме рок во кој што ќе го формираме Комитетот за односи меѓу заедниците врз основа на овој закон, одредбата која што се предвидува дека ќе треба да важи изјаснувањето на пратеникот за неговата припадност, ќе ја сметаме само за овој состав дадена пред верификацијата на мандатот, заради тоа што сите прифативме во законот пратениците да даваат изјава пред Државната изборна комисија во рамките на сопствената

кандидатура за пратеник во Собранието, се со цел, да ги спречиме злоупотребите.

Од тој аспект мислам дека овој рок што го нудиме со амандманот 60 дена е сосема разумен рок во кој што ќе може да се формира овој Комитет, заради тоа што со самото стапување во сила на овој закон, одлуката за основање на Комитетот за односи меѓу заедниците, престанува да важи. Тоа значи дека актот врз кој што е формиран претходниот Комитет кој што моментално функционира заради тоа што се согласи токму ВМРО-ДПМНЕ и дел од опозицијата дека треба да рекомпонира врз основа на нивниот договор, ќе бара да се избере нов Комитет за односи меѓу заедниците. Се лажеме ако мислиме дека со ваква непрецизна одредба, во која што не го кажуваме крајниот рок во кој што ќе мораме да го формираме Комитетот за односи меѓу заедниците, дека ќе можеме постојано да го одолговлекуваме формирање на новиот Комитет за односи меѓу заедниците, а тоа само ќе придонесе за зголемување на тензичноста и во Парламентот, а посебно при разгледување на одредени прашања, кои што се од интерес и во ингеренции на Комитетот за односи меѓу заедниците.

Заради тоа ве повикувам колеги пратеници вас од парламентарното мнозинство да го поддржиме овој амандман, да ставиме прецизен рок во период од 60 дена да се формира новиот Комитет за односи меѓу заедниците и на тој начин самите да ја исправите таа неправда која што ја направивте при формирањето на Комитетот за односи меѓу заедниците и да покажете добра волја дека сте спремни да го почитувате она што впрочем, го договаравте, без разлика тоа што е договор помеѓу две политички партии, со самото тоа што признавте дека треба да се најде на дневен ред, признавате дека мора да ги преземете и обврските што во тој момент сте ги презеле, не само пред колегите од другите политички партии, туку и пред меѓународната заедница. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги повикувам пратениците кои не се присутни во салата да влезат во салата и да си ги завземат своите места, за што треба да гласаме.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи има 69 пратеници присутни во салата, ве повикувам да гласаме.

Гласале 51 пратеник, за гласале 9, воздржано 2, против гласале 40 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 14 за бришење на став 2, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине претседателе,

Владата не го прифаќа и овој амандман, со оглед на тоа што пред малку не беше усвоен амандманот на став 1 на членот 14 кој практично ја апсолвира истата цел и мислам дека да беше тука предлагачот, ќе го повлечеше овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 50 пратеници, за гласале 8, воздржани нема, против гласале 42 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Согласно член 166 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, пратениците Блерим Беџети, Селвие Салиу, Азис Положани, Ајше Селмани, Садула Дураку и Џевад Адеми поднесоа амандмани на новиот член 10-А став 3 и на новиот член 10-А за менување на став 4, по кои Владата не се произнела.

Согласно член 166 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, пратениците Рафис Алити и Аднан Јашари поднесоа амандман на новиот член 10-А став 3, по кој Владата не се произнела.

Согласно член 56 алинеја 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија го молам претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања да свика седница на која Комисијата ќе даде мислење, дали со овие амандмани се врши усогласување на одредбите од текстот што се измениле поради поднесените амандмани на Владата на Република Македонија, кои станаа составен дел од Предлогот на законот.

Ја прекинувам седницата за еден час за Комисијата да може да одржи седница.

Седница регуларно треба да трае до 18,00 часот.

Еден час е за Комисијата, но имаме уште малку време да видиме што.

Предлогот за продолжување на работа после 18,00 часот е сеуште возможен, ако има поткрепа.

(Реакција од место на пратеници)

Јас ништо не инсистирам. Деловнички е до 18,00 часот. Но деловнички исто така е и да се предложи. Сега дали ќе се усвои или не, не знам.

(Реакција од место на пратеници)

Во понеделник ќе продолжиме во 13,00 часот со свечена седница на која ќе се обрати претседателот на НАТО Парламентот, 81-ва

седница и во 15,00 часот ќе продолжиме со 85-та седница, онака како што беше договорено по сите теркови на координацијата.

(Седницата прекина со работа во 17,00 часот)